МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

“ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН”

Свети Николе – Битола, Република Северна Македонија

ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

насока: Клиничка и советодавна психологија (втор циклус)

Приврзаност за родителите и врсниците, перцепирано искуство и ниво на депресивност во рана возрасна доба

- магистерска работа–

Изработил:

Томе Укоски 183006

Ментор:

проф. д-р Сашо Кочанковски

Битола, септември, 2020 г.

Содржина

ВОВЕД.....3

I.ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ.....4

1. Дефинирање на проблемот и основните поими.....4

2. Релевантни истражувања.....59

II.МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ.....71

1. Предмет на истражувањето.....71

2. Цел и карактер на истражувањето.....71

3. Задачи на истражувањето.....71

4. Хипотези.....72

5. Варијабли на истражувањето.....73

6. Методи, техники и инструменти на истражување.....74

7. Резултати.....77

8. Дискусија.....86

III. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....92

IV. ПРИЛОЗИ.....99

Вовед

Раната возрасна доба како фаза во развојниот процес од неодамна се гледа како уникатна фаза, различна и од адолесенцијата и од достигнувањето на целосна зрелост (Arnett,2000). Таа е еден вид премин помеѓу адолесенцијата и возрасноста. Со тоа може да се очекува оваа фаза да биде доста бурна и богата. Во неа многумина ги градат своите патишта за иднината(Nelson, Badger, & Wu, 2004). Со ова се отвараат многу прашања околу оваа развојна фаза, за која што и нема многу податоци и истражувања, бидејќи е релативно нова теориска рамка. Од друга страна, приврзаноста за родителите и за врсниците (Bowlby, 1988; Bretherton, 1992; Hazan & Zeifman, 1994) е доста истражувана темаи докажано е дека начинот и степенот на приврзаност може да влијае врз многу сегменти во понатамошниот развој. Трето, високото ниво на депресивност може да е показател и да корелира со лошата приврзаност (attachment) со родителите и врсниците и тоа да доведе до негативно перцепирано искоство во раната возрасна доба. А, спротивно на тоа ниското ниво на депресивност да е показател за позитивен атачмент и позитивни перцепирани искуства во раната возрасна доба.

За ова истражување се доби инспирација од истражувањето на Шнајдерс (Schnyders,2012) како и од фактот дека нема многу податоци и истражувања, се одлучи да се испитува врската помеѓу приврзаноста за родителите и врсниците преку три компоненти (доверба, комуникација и отуѓеност), перципираните искуства (позитивни и негативни) и нивото на депресивност во раната возрасна доба. Постои очекување здравата и добра приврзаност да е предиспозиција за подобра перцепција на искуствата во раната возрасна доба и пониско ниво на депресивност, додека негативните перципирани искуства и високото ниво на депресивност да се последица, меѓу другото и на слаба приврзаност, ниска доверба и лоша комуникација со родителите, но и со врсниците (пријателите).

I. Теоретски пристап кон проблемот на истражување

1. Дефинирање на проблемот и основните поими

Воведен преку истражувањата на Arnett(2000), концептот на рана возрасна доба има фундаментална теориска рамка. Сепак, начините преку кои оваа рамка е засегната од други важни аспекти на формирање на идентитет се уште непознати затоа што раната возрасна доба е, сè уште, релативно нова област на истражување. Откако раната возрасна доба е идентификувана како развојна фаза, истражувањата се фокусирани на разбирање на базичните компоненти што ја сочинуваат, како и идентификација на компонентите на истата, доживеани помеѓу различни култури ширум светот (Nelson et al., 2004). Во 2007-ма година Рајфман, Арнет, и Колвел го креирале Инвентарот на Димензиите на Раната возрасна доба (IDEA), кој ги мери доживеаните искуства во раната возрасна доба преку шест скали, за шест димензии на оваа фаза. Како и да е, фалат истражувања за тоа дали димензиите на раната возрасна доба можат да се предвидат од некои други фактори. Целта на ова истражување е да се утврди поврзаноста помеѓу приврзаноста и односот со родителите и врсниците со перципираните искуства во раната возрасна доба, како и влијанието врз нивото на депресивност кај младите возрасни. Воедно, целта е и да се провери дали постојат разлики во степенот на приврзаност со родителите и со врсниците и нивото на депресивност врз основа на полот.

Врз основа на проучената литература која го третира односот меѓу перципираните искуства во раната возрасна доба, приврзаноста за родителите и врсниците и нивото на депресивност,во истражувањето се поставени проблемите:

- Дали пости поврзаност помеѓу приврзаноста за родителите и за врсниците и перципираните искуства во раната возрасна доба?
- Дали постои поврзаност помеѓу приврзаноста за родителите и за врсниците и нивото на депресивност?
- Дали постои поврзаност помеѓу перцепираните искуства во раната возрасна доба и нивото на депресивност?
- Дали постојат разлики во степенот на приврзаност со родителите и врсницитепомеѓу испитаниците од машки и женски пол?и
- Дали постојат разлики во степенот на депресивност помеѓу испитаниците од машки и женски пол?

Теорија на приврзаност (атачмент)

Концептот на атачмент е многу често истражуван како витален дел на развојната теорија. Концептуализацијата на атачментот е иницирана од страна наБолби (Bowlby 1969, 1973, 1980), којшто ги теоризирал начините на кои луѓето стануваат приврзани за значајните други, како и нивната рационализација во тој процес. Првичните идеи за атачмент се под многу силно влијание од страна на Фројд и психоаналитичарите, со што фокусот е целосно свртен кон односот помеѓу мајката и нејзиното новороденче (Bretherton, 1992).

Во 1958 година, *Рене Зазо* пишува дека се јави една нова теорија за социоемоционалното врзување (во англискиот и во францускиот јазик наречена теорија на attachment). *Социоемоционалното врзување е определено како примарна (вродена) потреба за врзување на една единка со друга.* Примарни реакции значи дека тие не се научени, не се резултат ниту на јадењето ниту на мајчините неги. Новина е дека станува збор за систем, механизам, на реакции кои не се научени. Тие се дадени со раѓањето. Детето е социјално битие во својата биолошка економија. Таа социјабилност се изразува уште во првите реакции. Социјабилноста е дел од биолошкото, во иста смисла како гладот или жедта. Дотогаш се веруваше дека социјално битие се станува преку учење. Психолозите ги објаснуваа првите социјални врски преку секундарно поткрепување (на пример,

задоволување на гладот). Се сметаше дека физичката зависност постепено водеше до психичка. Во социоемоционалното врзување е вродена потребата за другиот и механизмите/поведенијата преку кои се воспоставува врската (насмевка, цицање, допирање). Но, објектот со кого ќе се воспостави социоемоционалната врска се создава преку интеракција со него. *Социоемоционалното врзување е создавање позитивни врски на едно лице со друго лице и овозможува јавување чувство на заштитеност.* На пример, детето се врзува емоционално за мајката, но и таа за него, и при тоа детето се чувствува заштитено, безбедно. Но, детето не им дава на родителите чувство на безбедност. Мери Еинсворд со соработниците(Ainsworth et al.,1978, 1989) го разликува афективното врзување од социоемоционалното врзување. *Афективното врзување* е релативно трајна врска со партнер со посебни својства. Тоа е незаменлива можност за остварување интимни врски и им дава на партнерите чуввство на сигурност.Децата кои создале емоционална врска го покажуваат тоа преку настојувања да бидат близу до одгледувачот (му се приближуваат, одат по него) и преку одржување контакт со него (го допираат, се држат за него, му се прилепуваат). Децата кои создале сигурна емоционална врска љубопитно истражуваат околу себе, но одвреме-навреме погледнуваат кон одгледувачот. Емоционалната врска возрасните, исто така, ја покажуваат преку будно често погледнвување кон малото дете, преку говор, гестови, изрази на лицето, преку нежно милување одвреме-навреме по коса, прака или образ. Емоционалната врска придонесува малите да останат во близина на одгледувачот и да го одржат контактот со него, а возрасните да го задржат вниманиоето врз малото дете и будно да следат што прави (Мурџева-Шкариќ, 2011).

Како што теоријата на атачмент веќе почнувала да се оформува, така почнале да се јавуваат и првите истражувања. Така, *Еинсворт (*Ainsworth, 1963, 1967) го изработила првото емпириско истражување за атачмент, во кое што се испитувала врската помеѓу мајките во Уганда и нивните новороденчиња. Подоцна, изработено било истражувањето *„Чудна ситуација“,* што го истражувало формирањето и влијанието на анксиозноста кај новороденчињата, настаната

преку одделување од своите мајки (Ainsworth & Bell, 1970). Мери Еинсворт ги издвојува следните квалтети на врзување на доенчето со мајката или друго лице што го негува:*сигурно врзување, избегнувачко врзување, колебливо врзување и неорганизирано-неориентирано врзување.* Доенчињата кои остариле *сигурно врзување* активно истражуваат и се отворени кон непознати лица кога мајката е во близина. Се вознемируваат ако ги одвојат од мајката. Кога мајката ќе се врати, топло ја поздравуваат и им е пријатен физичкиот контакт со неа. Видливо ја претпочитаат мајка им отколку непознато лице. Таа е способна да ги успокои кога се вознемирени. Силно се врзани околу 65% од едногодишните деца. Тие се релативно среќни доенчиња. Доенчињата со *избегнивачко врзување* го избегнуваат или го занемаруваат контактот со мајката, особено ако ја сретнуваат по некое отсуство. Не им се одупираат на напорите за контакт на мајката, но самите не се обидуваат да направат контакт. Мајка им и непознато лице ги третираат на сличен начин: ги избегнуваат или ги игнорираат.Избегнувачко врзување покажуваат 20% едногодишници. Задоволството од мајката е мало или го нема. *Колебливо врзување* е кога детето е обеспокоено кога го одвојуваат од мајката, но таа не успева да го успокои кога ќе се врати. Тоа може или да бара или да избегнува контакт, во зависност од моментот. Може да покаже кон мајката бес и навреденост кога повторно ќе ја сретне. Им се спротиставува на настојувањата на мајката или на непознато лице физички да му се приближат и да го успокојат. Колебливото врзување се сретнува ,кај 10% едногодишници. Детето покажува дека мајката го привлекува,но, не ѝверува. *Неорганизираното-неориентирано врзување* е најнесигурно врзување, со мешање својства од колебливото и избегнувачкото врзување. Детето изгледа вкочането, збунето или вознемирено кога по извесен период на разделеност ќе се најде во близина на мајката: тоа се двоуми дали да ѝ се приближи или да се оддалечи. Може да го избегнува контактот, а потоа да бара многу близок контакт. Ако таа му се приближи, тоа нагло бега од неа. Може да изразува емоции без видлива поврзаност со присутните лица. Вакво врзување има кај 5-10% едногодишници. Доенчето покажува многу конфликтни модели на однесување, на пример, се приближува кон мајката со поглед кој ја избегнува. Од овие првични студии,

истражувањата за атачментот сега се проширени, вклучувајќи го односот помеѓу родителите и децата на различни возрасти, а сега се вклучени и односите и приврзаноста на децата, но и на возрасните со родителите, врсниците и пријателите.

Неколку *карактеристики* се поврзани со односите и приврзаноста.За почеток, сигурната врска на атачмент бара присутство на атачмент фигури, индивидуи кои се достапни преку *соодветно блиска дистанца, обезбедуваат извор на сигурност, и служат како сигурна база* (Bowlby, 1969; Hazan & Zeifman, 1994). Сигурната база на атачмент е она што ги охрабрува индивидуите да истражуваат, да се впуштат во надворешни врски, и да се намали потенцијалот за можен дистрес во понатамошниот живот (Bowlby, 1969). Поради длабочината на врската креирана во атачмент врските, *развојот на вистински силна врска не се случува одеднаш, туку расте и се развива со тек на време* (Bowlby, 1982). Но, исто така, во врските може и да се доживее одредена доза на несигурност кон атачмент фигурите, амбивалентен или избегнувачки став и други негативни реакции (Ainsworth, Blehar, Waters, & Wall, 1978). Со тоа, може да се заклучи дека *приврзаноста може да има позитивни и негативни карактеристики*, а се чини дека степенот на перципираната сигурност во врските ги одредува тонот и траекторијата за идните врски.

Емоциите исто така претставуваат поттик за оддржување на врските.На пример, атачментот се смета дека е најсилен кога индивидуите доживуваат чувства на дистрес или закана (Bowlby, 1969). Понатаму, идентификувани се две димензии на атачментот: аспект базиран на емоции што поттикнува врски, и бихејвиорална компонента што е најнагласена кога, преку чувства на потреба, личноста сака да чувствува физичко присуство на поддршка и стабилност (Parkes & Stevenson-Hinde, 1982). Спротивно на ова, уште еден мотив за впуштање во врски е напорот да се контролираат емоциите-поспецифично, да се ограничат нивоата на страв, несигурност, и вознемиреност (Campa, Hazan, & Wolfe, 2009). Со ова, покрај тоа што позитивните емоции се зголемуваат преку атачментот, се чини дека негативните емоции се лимитираат преку конекциите на атачментот. Имајќи ги во

предвид овие карактеристики и димензии како темел, исто така е многу важно да се разбере како атачментот и врските се развиваат понатаму во животот на индивидуата.

Рана возрасна / доба

Теоријата на рана возрасна доба е поставена како *посебна развојна фаза која се јавува помеѓу адолесенцијата и зрелоста* (Arnett, 2004). Како таква, раната возрасна доба е културно конструирана развојна фаза што се јавува кај индивидуите во индустријализираните земји, ширум светот (Nelson et al., 2004). Првичните публикации на *Arnett*, кој што го измислил терминот „emerging adulthood“ (кој на македонски јазик нема посебен термин, туку се преведува како *појавување на возрасноста*), сугерираат дека *индивидуите на возраст од 18 до 25 години ја доживуваат оваа развојна фаза*. После ова, се јавиле и несогласувања околу возрасниот интервал, каде што некои тврделе дека е помеѓу 18 и 25 години (Tanner & Arnett, 2009), додека други дека е помеѓу 18 и 29 години.Иако временската рамка е флексибилна, конструктот на рана возрасна доба е јасно утврден како развојна фаза помеѓу адолесенцијата и зрелоста. Идеите за развојот на раната возрасна доба како посебна фаза се развиле после промените што се јавиле кај оние кои што се сметале за млади возрасни. Поточно, зголемените шанси за високо образование, одложувањето на бракот, на родителството, и поголемата прифатеност на секс надвор од бракот се карактеристики што ги одвојуваат индивидуите во посебна, фаза на млади возрасни (Tanner & Arnett, 2009). Типично, *младите возрасни се разликуваат од возрасните по тоа што не се во брак, немаат деца, и немаат стабилна кариера*. Исто така, тие се *разликуваат од адолесцентите по тоа што не се во средно училиште, пубертетот е завршен, и не е неопходно да живеат заедно со родителите* (Arnett, 2000, 2004).

Теориски придонеси од минатиот век

Пред да се организира научното истражување во посебно поле на интерес под терминот настанување на возрасноста, во минатиот век веќе имало теориски обиди за објаснување на развојот на младите од доцните тинејџерски до дваесеттите години. Првиот теориски придонес бил направен од страна на Ерик Ериксон (Erikson, 1950, 1968; според Arnett, 2000). Во неговата теорија на психосоцијален развој, се зборува и за пролонгирана адолесценција, типична за индустријализираните оппгества и за психосоцијален мораториум, одобрен за младите луѓе во таквите општества „кога младиот возрасен преку слободно истражување на улоги наоѓа соодветно место во некоја област од општеството“. Тоа значи дека Ериксон го разликувал, без именување, периодот кој што на некои начини е адолесценција, а на некои начини возрасност, период во кој посветувањата и одговорностите карактеристични за возрасните се одложуваат, додека истражувањата на улоги што започнуваат во адолесценцијата, продолжуваат и всушност се интензивираат.

Друг теориски придонес претставува работата на Даниел Левинсон (Levinson, 1978; според Arnett, 2000). Во својата теорија на транзиции, периодот помеѓу 17 и 33 години, го нарекол почетна фаза на развој и тврдел дека најважната задача на оваа фаза е да се премине кон возрасниот свет и да се изгради постојана животна структура. За време на овој процес, според Левинсон, младата единка искусува значајна количина на промена и нестабилност додека избира помеѓу различни можности во љубовта и работата во текот на воспоставувањето на животната структура. Левинсон, исто така, потврдил дека неговата концепција на почетна фаза е слична со идеите на Ериксон за истражувањата наулоги во склоп на психосоцијалниот мораториум.

Покрај развојните теории на Ериксон и Левинсон, позната е и теоријата на младост од Кенет Кенистон (Keniston, 1971; според DutraThomé, 2013). Кенистон ја концептуализирал младоста како период на континуирано истражување на улоги помеѓу адолесценцијата и возрасноста, а под влијание на тогашните движења на младите, ја истакнал „тензијата помеѓу единката и општеството“ и „одбивањето на социјализацијата“. Но, последната интерпретација повеќе претставува рефлексија на дадениот историски период, отколку што укажува на трајни карактеристики на еден животен период (Arnett, 2000, 2004). Исто така, терминот „младост“ е проблематичен поради неговата долга употреба во англиската литература како ознака за детство, а подоцна и за адолесценција, а воедно за тие цели сè уште се користи од страна на многу научници (Arnett, 2004). Изборот на Кенистон на двосмисленият и збунувачки термин „младост“ е делумно објаснување зошто идејата за доцните тинејџерски и дваесеттите години да станат дистинктивен развоен период не била прифатена од научниците (Arnett, 2004).

Во руската психолошка литература истакната е онтопсихологијата на Ананјев, која претставува учење за индивидуалниот психички развој (Ананвев, 1980а; 19806; 2000; 20076; 2010; според Јанаков, 2015). Во неговата теорија воведен е концептот рана младост, како посебна етапа помеѓу адолесценцијата и младоста. Според Ананјев, распределбата на адолесценцијата и на младоста како посебни периоди, кои ги одделува периодот на рана младост, истакнува нови особености за развојот на психофизиолошките карактеристики (Ананвев, 2001). Карактеристично за оваа теорија е тоа што Ананјев не определува времетраење на етапите, односно смета дека тоа е сложено поради: 1) разновременоста на промените во текот на индивидуалниот развој, и 2) возрасната и индивидуалната варијабилност. Со други зборови, постојат огромни индивидуални разлики во општиот и во развојот на посебните функции и потсистеми на човекот. Особеностите на иста хронолошка возраст во различни средини и историски епохи не се универзални. Секој развоен период е определен од историјата на единката, а таа е индивидуална. Настанување на возрасноста „Настанувањето на

возрасноста е период од животот, кога остануваат возможни многу различни насоки, кога малку е одлучено за иднината, кога подрачјето на независно истражување на можностите на животот, за повеќето луѓе, е поголемо од кој било друг период од животниот век.“ - истакнува Цефри Џенсен Арнет, кога за прв пат го предложил и образложил концептот настануеање на возрасноста како дистинктивен период на човековиот развој, објавен во списанието „Американски психолог“ во 2000 година (Arnett, 2000, стр. 469).

Дефинирањето на дистинктивниот чекор кон возрасноста од страна на Арнет, по кратко време беше широко прифатено од истражувачката заедница поради овозможеноста за истакнување на особен карактер на поединечен период (Buhl & Lanz, 2007). Со теориската рамка на настанувањето на возрасноста, се препознава дека преминот кон возрасноста е доволно долг за повеќе да не се смета само како транзиција, туку како посебна етапа во текот на животниот век (Arnett, 2007).

Поимот настанување на возрасноста се однесува на периодот помеѓу времето кога единката смета дека го започнала преминот кон возрасноста и времето кога смета дека станала возрасна на когнитивен, емоционален и бихевиорален план (Arnett & Taber, 1994). Во текот на овој временски интервал, се поставуваат нови предизвици за индивидуата во однос на регулацијата на себеси, воспоставувањето на идентитет и развојот на индивидуалното значење (Sherrod, 1996; според Shulman et al., 2005).

Во индустријализираните држави, нормативните развојни задачи за единките се поместени од објективни (вработување, стабилизација и стекнување финансиска независност) кон субјективни, кои го земаат предвид прашањето „Кој/а сум јас и како сакам мојот живот да изгледа?“ Ова поместување е рефлектирано во неколку фактори кои го издвојуваат настанувањето на возрасноста од другите животни етапи и од поранешните возрасни генерации. Трите најистакнати карактеристики се однесуваат на демографската непостојаност, промените во субјективните перцепции на себеси и продолжените периоди на испитување на идентитетот (Arnett, 2000; според Lane, 2015).

Првиот начин на кој периодот на настанувањето на возрасноста се разликува од останатите животни етапи е во поглед на демографијата. Во последните неколку декади, барем што се однесува на западните култури, прилично зголемен е бројот на млади кои го напуштаат домот, но повторно периодично се враќаат неколку пати; се запишуваат на факултет веднаш по завршувањето на средното училиште; го одложуваат стапувањето во брак и формирањето семејство; периодот на студирање го продолжуваат и ги менуваат професиите (Lane, 2015). Во споредба со другите возрасни групи, демографските статуси на младите возрасни денес се менуваат со мала предвидливост (Arnett, 2000).

Вториот доказ дека настанувањето на возрасноста е уникатен развоен период е амбивалентноста што ја чувствуваат младите возрасни околу нивниот возрасен статус (Nelson, Badger & Wu, 2004). Настанувањето на возрасноста претставува период на „чувствување помеѓу“, за време на кој индивидуите не се повеќе адолесценти, но сè уште не се идентификуваат ниту како возрасни. Младите возрасни го перципираат нивниот напредок кон возрасноста како долг и постепен (Arnett, 2000).

Третата дистинкција на настанувањето на возрасноста е пролонгираниот период на експлорација на идентитетот (Arnett, 2000). Земајќи ја предвид ослободеноста од животните обврзаности и долготрајните следствености на изборите кои што треба да се направат за 8 време на настанувањето на возрасноста, оваа животна етапа претставува можност да се случи значаен развој на идентитетот (Gerstacker, 2010; според Lane, 2015). Вклученоста во истражувањето на идентитетот резултира во одложување на донесувањето трајни одлуки во поглед на улогите на возрасноста (Schulenberg, Bryant & O'Malley, 2004; според Lane, 2015).

Периодот на настанувањето на возрасноста не се одликува со стандардни карактеристики, во споредба со социодемографската хомогеност присутна во

адолесценцијата и возрасноста (Dutra-Thomé & Koller, 2014). За разлика од периодот на адолесценцијата (кога единките ги искусуваат промените поврзани со пубертетот, учат во средно училиште, живеат со родителите и се надгледувани од другите возрасни) и периодот на возрасноста (кога поединците се фокусираат на други, т.е. стапуваат во брак, имаат деца и се вработени со постојана работа), периодот на настанувањето на возрасноста е демографски хетероген, без јасно определена нормативна рамка. Доколку се опсервираат младите возрасни индивидуално, патеките кон независноста се единствени и мноштвото од нив се комплексни и не се линеарни. Во текот на нивното насочување кон возрасноста, младите се движат напред, но и назад и сите на свој начин (Tanner, 2009).

Разнообразието на настанувањето на возрасноста денес, делумно е одраз на ослободеноста на младите од структурираните општествени норми и правила во врска со преминот кон возрасноста (Arnett, 2006). Kora општествените граници се широки, како што е случај во овој животен период, дозволено е изразувањето на релативно големи 9 индивидуални разлики во склад со индивидуалните тенденции и преференции (Arnett, 1995)- На пример, адолесцентите „би требало“ сѐ уште да не се во долготрајна романтична врска, а возрасните единки после триесет годишна возраст „би требало“ да имаат партнер, но за младите возрасни прифатливо е да бидат во сериозна врска, да бидат сами или да бидат во делумно посветена врска. Настанувањето на возрасноста е време кога мноштвото млади се чувствуваат слободно за да ги следат нивните интереси и желби, што ги водат кон исклучително широк oncer на правци (Arnett, 2006).

Димензии на настанување на возрасноста

Арнет (Arnett, 2004), базирајќи се на квалитативни и квантитативни наоди, идентификувал пет главни димензии на периодот на настанување на возрасноста. Периодот на настанување на возрасноста се карактеризира со: 1) зголемено истражување на идентитети, бидејќи младите ги интегрираат интересите и преференциите со достапните можности; 2) зголемено ниво на перципирана

нестабилност, поврзана со промените и непредвидливоста на иднината кои младите ги искусуваат за време на експлорацијата; 3) повисока фокусираност на себеси, поради необврзаноста (сè уште не се во брак и немаат постојана работа), младите се насочуваат кон откривање и дефинирање на себеси; 4) пораст на перцепцијата на можностите за експериментирање, бидејќи младите имаат тенденција да го перципираат овој период како оптимистичен поради тоа што различни можности за работа, потенцијални партнер(к)и и други општествени одговорности остануваат како можни избори; 5) субјективни перцепции на постоење „помеѓу“ адолесценцијата и возрасноста - младите чувствуваат „амбивалентност“ предизвикана од истовремено поседување на карактеристики на адолесценти и на возрасни (Reifman, Arnett & Colwell, 2007).

Авторите на Инвентарот за димензии на настанување на возрасност, освен петте субскали засновани врз димензиите на настанувањето на 10 возрасноста, ја додале и димензијата фокусираност на други, како карактеристика на постигнатата возрасностз (Reifman, Arnett & Colwell, 2007). Истражувањето на идентитетот е основниот столб на настанувањето на возрасноста. Младите го истражуваат идентитетот во различни полиња, особено во љубовта и работата, како почеток на донесувањето долготрајни одлуки, со што ја поставуваат основата за нивниот живот во периодот на возрасноста (Arnett, 2004, 2006).

Во текот на испитувањето на можностите во љубовта и работата, младите стекнуваат разбирање околу тоа кои се тие, кои се нивните способности и ограничувања, кои се нивните верувања и вредности и како се вклопуваат во општеството (Arnett, 2017). Иако развојот на идентитетот започнува во адолесценцијата, во денешните индустријализирани земји, врвот на неговиот развоен интензитет се достигнува во периодот на настанувањето на возрасноста (Arnett, 2014). Адолесцентната љубов има тенденција да биде пробна и привремена. Имплицитното прашање на адолесцентите е „Со кого би уживал/а да бидам сега и овде?“ Во спротивно, истражувањата во љубовта во периодот на настанувањето на возрасноста вклучуваат подлабоко ниво на блискост и

имплицитното прашање е во поголем степен фокусирано на идентитетот: „Каков поединец сум и каков поединец најмногу ќе ми одговара како партнер низ животот?“ (Arnett, 2004).

Романтичните врски на младите возрасни имаат тенденција да траат подолго, да бидат поинтимни и да вклучуваат кохабитација (Michael et al., 19955 според Nelson, Badger & Wu, 2004). Во согласност со добиениот резултат за внатрешна хомогеност на субскалата чувствување „помеѓу“ од пилот-истражувањето на македонската популација, дадената димензија нема да биде обработувана во овој истражувачки труд. И во полето на работата има сличен контраст помеѓу краткотрајните и пробните експлорации во адолесценцијата и посериозните и на идентитет фокусирани експлорации на настанувањето на возрасноста. Во периодот на адолесценцијата, привремената работа служи за стекнување на парични средства за активности во слободното време. Додека пак, за време на настанувањето на возрасноста, работните искуства стануваат пофокусирани кон воспоставување на темелот за посакуваната професија (Arnett, 2006).

Во истражувањето на работните и образовните можности, младите возрасни ги испитуваат и прашањата на идентитетот: „Во која работа сум добар/а? Каква работа би ми била долготрајно задоволувачка? Кои се шансите да се вработам во областа што се чини дека најдобро ми одговара?“ Младите возрасни ги користат можностите за стекнување дополнително знаење и искуство, како привремени работни ангажмани, практикантство, младински размени, постдипломски студии, програми за студирање надвор од државата. Во овој период младите осознаваат и во која работа не се добри и која работа не би ја сакале (Arnett, 2004).

Младите возрасни ја истражуваат и нивната идеологија. Ослободени од влијанието на родителите, младите ги преиспитуваат вредностите и верувањата и развиваат сопствени погледи на свет. Во текот на овие испитувања, младите ги утврдуваат сличностите и разликите со погледите на родителите (Arnett, 2006;

според Wider et al., 2014). Освен што експлорациите на младите возрасни и нивните променливи избори во полето на работата, образованието, љубовта и местото на живеење придонесуваат овој животен период да биде стимулативен и полн со настани, неизбежно го карактеризираат и со нестабилност (Arnett, 2004, 2006; Dutra-Thomé, 2013; Hill et al., 2015). Младите се свесни дека е потребно да имаат план, односно некаква идеја за правецот по кој ќе се движат кон возрасноста и мноштвото од нив започнуваат со одредена замисла. Како и да е, речиси за сите нив, планот е предмет на бројни ревизии во текот на настанувањето на возрасноста, во зависност од условите и желбите (Arnett, 2015).

Со секоја ревизија на планот, тие учат нешто за себе и надежно се упатуваат кон осознавање на типот на посакуваната иднина (Arnett, 2004). Добра илустрација на нестабилноста се промените на станбените околности, кои се рефлектирани во истражувањата на различните можности. Младите возрасни се отселуваат од домот за студирање во друг град, искусувајќи „полуавтономија“ додека сè уште се потпираат на родителската поддршка, го напуштаат домот за да одат да работат или заминуваат да живеат со партнер/ка (Arnett, 2011).

Сепак, кога некој работен ангажман ќе им заврши или потребно им е дополнително образование или кога ќе им стават крај на романтичната врска, младите се враќаат кај родителите за емоционална и/или финансиска поддршка (Furstenberg et al., 2004). Некои млади воопшто не го напуштаат домот, но сепак ја искусуваат неконстантноста во нивното образование, работа или романтични врски (Douglass, 2005, 2007; според Arnett, 2017). Во периодот на настанување на возрасноста, вознемиреноста карактеристична за адолесценцијата се намалува, но како нов извор на нарушување се појавува нестабилноста (Arnett, 2004). Задачата на младите е да научат како да им стане удобно во неудобноста. Флексибилноста, хуморот, трпеливоста, вербата и храброста се клучни за прилагодување на промените кои се дел од периодот на настанувањето на возрасноста.

Настанувањето на возрасноста е периодот помеѓу адолесцентното потпирање на родителите и долготрајните посветувања на љубовта и 13 работата во периодот

на возрасноста, така што за време на овие години, младите возрасни се фокусираат на себеси, развивајќи го знаењето, вештините и разбирањето на себеси што ќе им биде потребно за животот како возрасна единка (Arnett, 2017). Адолесцентите припаѓаат во семејниот систем, кој од нив бара да респондираат на дневна база.

Учењето во средно училиште означува дека професорите поставуваат стандарди и го надгледуваат однесувањето и достигнувањето на адолесцентите (Arnett, 2004). После триесеттата година, мноштвото возрасни се посветени на сопруг/а, деца и долготраен работодавач, така што сите овие врски наметнуваат дневни ангажирања и обврски (Arnett, 2006). За време на настанувањето на возрасноста, мноштвото млади се обидуваат да одлучат што сакаат да прават, каде сакаат да одат и со кого сакаат да бидат (Munsey, 2006). Фокусираноста на себеси е привремена и претставува важен чекор во учењето да се биде самостоен (Arnett, 2014; според НШ et al., 2015). Младите учат да се грижат за самите себе, пред да се посветат кон грижа за други (Patterson, 2012; според Wider et al., 2014).

Дури и младите кои остануваат да живеат со своите родители воспоставуваат понезависен животен стил, во споредба со адолесцентите (Amett, 2017). И младите возрасни имаат обврски кон семејството, пријателите и можеби образовните органи и привремени работодавачи, но таа обврзаност е помала, во споредба со онаа во идните животни етапи (Arnett, 2014).

Фокусираноста на себеси кај младите не претставува себичност и центрираност на себеси. Во овој животен период, за разлика од адолесценцијата, младите анализирајќи се себеси, стануваат повнимателни кон чувствата на другите луѓе и подобро ја разбираат туѓата гледна точка (Arnett, 2006). Овој квалитет особено е видлив во нивните врски со родителите. Во периодот на настанувањето на 14 возрасноста, младите ги перципираат родителите како поединци, а не само како родители и стекнуваат поголемо разбирање за нив (Arnett, 2004).

Исто така, за време на овој животен период, откривајќи се себеси, младите се вклучуваат кон придонесување за етиката на заедницата, преку волонтерска работа (Arnett, Ramos & Jenson, 2001; според Arnett, 2014).

Настанувањето на возрасноста е возраст на можности, кога многу различни иднини остануваат достапни и кога малку за животната насока на единката е со сигурност одлучено (Arnett, 2004; Arnett, 2017). Сè додека не се направат конечни избори, отвореноста кон различни идни животни исходи е присутна кај младите. Мноштвото на млади возрасни веруваат дека ќе го постигнат тоа што го сакаат во животот и очекуваат дека нивните животи ќе бидат подобри од животите на нивните родители (Arnett & Schwab, 2012; според Syed & Mitchell, 2013). Едниот од двата начини на кој овој животен период е време на можности, е големиот оптимизам и очекувања на младите за иднината. Причината делумно е тоа што надежите на младите сè уште не се цврсто анализирани врз основа на реалноста (Arnett, 2006). Уште една важна причина за нивниот оптимизам е тоа што многу од нив стекнуваат повисоко образование од нивните родители (Arnett, 2014).

Вториот начин на кој настанувањето на возрасноста е возраст на можности, е тоа што претставува пресудна прилика за младите кои искусиле тешки семејни услови, да се отселат од домот и да започнат да управуваат со нивните животи во различна и поволна насока, пред да го започнат структурираниот живот на возрасен поединец (Arnett, 2006). Дури и за младите кои доаѓаат од семејства што се релативно среќни и здрави, настанувањето на возрасноста е поволна прилика за 15 трансформација на себеси, во поглед на тоа да престанат да го градат идентитетот според сликите на нивните родители, а да започнат да донесуваат независни одлуки за тоа какви единки посакуваат да бидат и како сакаат да живеат (Arnett, 2004). Без разлика на семејната подлога, сите млади возрасни ги носат со себе семејните влијанија откако ќе го напуштат домот, што претставува ограничување на степенот до кој можат да го променат она што биле до крајот на адолесценцијата (Arnett, 2006). Како и да е, повеќе од кој било друг животен период, настанувањето на возрасноста нуди широк спектар на можности за промена на младите (Arnett, 2004). За време на овој период исполнувањето на

надежите изгледа возможно, бидејќи опсегот на нивните избори за тоа како да се живее е поголем во споредба со тоа што бил и со тоа што повторно некогаш ќе биде (Arnett, 2006).

Димензијата фокусираност на други е карактеристична за постигнатата **возрасност**. Откако младите возрасни го завршиле образованието, истражиле различни кариерни патеки и ја откриле онаа која најмногу им одговара, стекнале финансиска независност, ја пронашле особата со која сакаат да бидат заедно, добро се запознале себеси, го изградиле својот идентитет, или го постигнале нивото на зрелост, така што можат разумно да расудуваат, да проценат што е правилно и да преземат одговорност, се чувствуваат подготвено да се посветат на долги врски со други, во љубовта и работата (Arnett, 2006).

Настанувањето на возрасноста треба да се гледа како една етапа со многу патеки, што значи дека завршетокот на настанувањето на 16 возрасноста има голема веројатност да се случи во различно време за различни луѓе, во зависност од нивната концепција за возрасноста (Arnett, 2015). Бидејќи надворешните показатели на возрасноста се во поголема мера флексибилни и варијабилни, за разлика од минатото, станувањето на возрасен поединец денес, повеќе е внатрешна промена отколку што е видлив квалитет (Trible, 2015). Показателите на возрасноста кои се во најголема мера одобрени, од анкетираните припадници на разновидни популации, се оние кои претставуваат стекнување независност од други (особено од родителите) и осознавање да се биде самостојна единка. Трите главни критериуми за постигната возрасност во повеќе истражувања, се преземање на одговорност за себе, донесување на независни одлуки и стекнување финансиска независност (Arnett, 1994, 1997, 1998, 2001, 2003, 2014; според Zhong & Arnett, 2014).

Други истакнати психолошки показатели за постигната возрасност кои се појавуваат во некои истражувања се способноста за контрола на сопствените емоции, грижа за други и воспоставување на рамноправен однос со родителите (Arnett, 2003; според Galambos, Turner & TiltonWeaver, 2005). Психолошките показатели на возрасноста се вклопуваат под името на концептот наречен психосоцијална зрелост. Психосоцијалната зрелост е термин кој се употребува за опис на општото ниво на адаптивно функционирање и социоемоционална компетенција. Освен способноста да се функционира независно, психосоцијалната зрелост вклучува и други достигнувања во развојни подрачја, како способност добро да се комуницира и заемно дејствува со други и да се поседува капацитет за општествена одговорност (Galambos & Costigan, 2003). Се чини дека транзициите кон улогите на возрасноста ја губат релевантноста во обележувањето на влезот во возрасноста.

Сепак, одредени студии покажуваат дека стекнувањето на семејните улоги и понатаму означува статус на возрасна единка за себеси и за другите, но и 17 во овие студии откриено е дека индивидуалистичките искуства се важни (Oesterle et al., 2010). Како што поединецот напредува преку раниот дел на својот живот кон возрасноста, бројни искуства низ кои поминува, дејства кои ги презема, вештини и знаења кое ги стекнува во формалните и неформалните сфери, се смета дека го подготвуваат за автономна егзистенција во возрасноста (Petrogiannis, 2011).

Јасно е дека градењето на идентитет на возрасна единка претставува процес, а не посебен настан. Нема единствено искуство што некого го впушта во возрасноста. Наместо тоа, станува збор за поголема група на настани и постепена акумулација на искуства. Традиционалните улоги, особено бракот и родителството денес повеќе претставуваат кулминација на овој процес, отколку што го означуваат неговиот почеток. Поради тоа што овие индикатори не се случуваат до доцните дваесетти или раните триесетти години, проблематично е да се каже дека поединците на таа возраст не станале возрасни (Settersten, Ottusch & Schneider, 2015).

Моделот на составување на возрасен идентитет (анг.: The Confluence Model of Age Identity) сугерира дека транзициите кон улогите на возрасноста се совпаѓаат со акумулацијата на психолошките квалитети (Shanahan et al., 2000; според Johnson, Berg & Sirotzki, 2007). Тоа значи дека суптилните и нејасните аспекти на психолошкиот развој се случуваат кога младите возрасни акумулираат поконкретни транзиции и одговорности. Психолошкиот развој, за возврат може, исто така, да доведе до постигнување на традиционалните пресвртници (Lowe et al., 2013). Се разбира, веројатно е дека овие процеси ќе бидат оформени од возраста и животните услови на поединецот. Повозрасните испитаници постојано изјавуваат дека се чувствуваат возрасно, но поголемото чувство на субјективна возрасност делумно би можело да биде поради поголемата веројатност дека традиционалните улоги се достигнати (Cohen et al., 2003).

Преземањето на одговорност за себе се покажа како еден од трите врвни критериуми за постигнување на возрасноста, судејќи според одговорите на испитаниците во истражувањата на Арнет и други научници (Arnett, 2011; според Zhong & Arnett, 2014). Станувањето возрасна единка значи способност да се води сметка за сопствените одговорности и потреби и да не се бара потпора во други за сешто. Делумно, преземањето на одговорност за себе подразбира прифаќање на одговорноста за последиците од сопствените постапки, наместо да се бара вината во некој друг во ситуации кога работите ќе тргнат на лошо (Arnett, 2004). Одговорноста се смета за клуч до статусот на возрасна единка, поради тоа што силно асоцира на изграденост на идентитетот на индивидуата.

Вториот најпоткрепен критериум на возрасноста е донесувањето на независни одлуки. За единката да се смета дека е возрасна, потребно е да применува независно расудување при донесување на помали и поголеми одлуки, кои се појавуваат во текот на секојдневниот живот. Станувањето возрасен поединец

значи и поседување на слобода да се донесуваат одлуки и да се преземе контрола врз сопствениот живот, за разлика од адолесцентите, за кои други возрасни ја одредуваат насоката за тоа што да прават и како да направат нешто (Arnett, 1998). Доменот на независното донесување на одлуки не ги вклучува само темите како место на живеење и тип на кариера, туку и помалку видливата област на верувања и вредности (Arnett, 2004).

Исто како и прифаќањето на одговорноста, способноста да се донесуваат независни одлуки се одразува во однесувањето, но во суштина е квалитет на карактерот, дел од психолошкиот и моралниот идентитет (Arnett, 1998).

Финансиската независност е третиот столб на статусот на возрасен поединец. И финансиската независност има конотации на индивидуализам, но за разлика од претходните два критериуми, таа е повидлива, поодредена и мерлива (Arnett, 1998). Воспоставувањето на независност од родителите е постепен процес, кој започнува во периодот на настанувањето на возрасноста, но главното „пробивање“ кон возрасноста доаѓа со иселувањето од домот и можноста да се покриваат трошоците што ги наметнува секојдневниот живот (Arnett, 2004).

Во секој случај, мора да се напомене дека разликите помеѓу незападните и западните култури околу врските со родителите влијаат врз очекувањата и перцепциите за напредокот кон возрасноста. Иако врските помеѓу родителите и младите во западните култури се во потрага по баланс помеѓу автономијата и поврзаноста, степенот на автономија кој е дозволен и очекуван е значително поголем од незападните култури (Arnett, 1998; Settersten, Ottusch & Schneider, 2015).

Станувањето возрасна единка означува помала ориентираност кон себе и поголема обсирност кон другите (Arnett, 2004). Посветувањето внимание,

чувството на должност за грижа за други и обврските кон нив, исто така, претставуваат дел од возрасноста. Обично оваа карактеристика се однесува на односот кон партнер/ка или деца, но исто така претставува и општ однос кон други луѓе (Hartley, 1991). Одговорноста опфаќа и избегнување на непромислено однесување кое би предизвикало штета на други (Arnett, 1998).

Општествената одговорност е чувство дека единката е обврзана да дејствува на начин што придонесува за целата заедница. Тоа значи дека единката има должност да одржува баланс во животната средина (Arnett, 2015). Оваа одговорност вклучува свесност за поширокатa сфера, обиди за промена на нештата што не функционираат добро и давање придонес кон креирање на позитивни промени (Hartley, 1991).

Една лонгитудинална студија укажува на тоа дека кај поединците кои ги искусиле транзидиите на отселување од домот, вработеност и родителство, има поголема веројатност да се чувствуваат возрасно (Benson & Furstenberg, 2004). Чувството на возрасност зависи и од други социјални услови како образованието на родителите и примарната семејна структура. Поединците кои не биле одгледувани со два биолошки родители или имале родители кои не завршиле универзитетско образование, имаат поголеми шанси да се чувствуваат како возрасни во споредба со индивидуите кои доживеале други социјални услови (Fussel & Furstenberg, 2005). Комбинацијата на одредени социјални услови е, исто така, важна. Поединците кои го напуштиле домот и се вработиле, се со поголема веројатност за поседување на чувството на возрасност, од оние кои се вработиле, но останале да живеат со родителите. Дополнително, откриено е дека индивидуите кои искусиле движење во обратен правец на одредени транзиции (на пр. враќање во домот на родителите) се со поголема веројатност да го изгубат чувството на возрасна единка, но сепак се чувствуваат поблиску до возрасноста, одошто пред да го напуштат домот за прв пат. Покажано е дека родителството има поголем ефект од завршувањето на образованието во создавањето на чувството на возрасност (Berg, 2007).

Правни показатели - Овие показатели често се права и одговорности кои се дел од законот, одобрувани постепено за време на тинејџерските години и кулминираат со полнолетството. Тие претставуваат важни знаци за младиот поединец дека преминува во нова културална категорија на „возрасност“. Најголемиот дел од законите се чини дека ја употребуваат возраста како овластување за развојните статуси на индивидуите, иако начелата не се јасни. Поголемиот дел од овие судови се чини дека се вкоренети во претпоставките околу тоа кога младите се когнитивно созреани за да донесуваат „возрасни“ одлуки (Settersten, Ottusch & Schneider, 2015). Неодамнешно истражување на мозокот, особено на развојот на префронталниот кортекс, отвора понатамошни прашања околу овие претпоставки. Според новите докази, овој дел од мозокот - кој е одговорен за решавање на проблеми, предвидување краткотрајни и долготрајни последици и регулирање на емоции и однесувања - не е целосно развиен до 25-годишна возраст. Ова откритие, исто така, го доведува во прашање применувањето на другите права и одговорности и носи импликации за разбирањето на однесувањето и неговите последици во стекнувањето на статусот на возрасна единка (Steinberg, 2012).

Во најголемиот дел од општествата, постигнувањето на возрасноста е ценет подвиг. Да се биде возрасен поединец значи да се има одреден авторитет, почит и дозвола за вклученост во активности кои се забранети за децата и адолесцентите. Младите возрасни се гордеат поради способноста за исполнување на одговорностите неопходни за независен живот на возрасен поединец. Тие уживаат во способноста самостојно да раководат со сопствениот живот и да донесуваат одлуки околу насоката на нивниот живот (Arnett, 2015). 22 Како и да е, многу млади возрасни чувствуваат амбивалентност околу постигнувањето на возрасноста. Добро е да се има слобода за раководење на сопствениот живот и задоволувачки е да се поседува способноста за справување со одговорностите на возрасноста. Но, заедно со нивната гордост во постигнувањето на возрасноста, се и стравот и колебливоста (Arnett, 2006). Д

Делумно, амбивалентноста резултира од разбирањето дека одговорностите на возрасните може да бидат тешки и иритирачки. Другиот извор на нивната амбивалентност е тоа што младите го поврзуваат станувањето на возрасна единка со стагнација. Во овој поглед, да се постигне возрасноста значи крај на забавата, спонтаноста и индивидуалниот раст. Третата причина за амбивалентноста доаѓа кога младите размислуваат за тоа како нивниот живот се променил по завршувањето на средното образование. Тие сфаќаат дека стресовите се посериозни и се законски, во споредба со периодот на учење во средното училиште. Но, исто така, сфаќаат дека сега имаат и поголеми способности за справување со стрес и способноста за справувањето со предизвиците на новите одговорности им носи задоволство (Arnett, 2004).

Петте димензии на настанувањето на возрасноста се почетни состојби кои се во менување, така што постојат комплетирани состојби за секоја почетна состојба. Фокусираноста на себеси станува фокусираност на други, нестабилноста станува стабилност, чувствувањето „помеѓу“ станува чувство на возрасност, експлорациите на идентитет стануваат постигнат идентитет и можностите стануваат доживеани искуства (DutraThomé, 2013). Сликата на единка што се чувствува возрасно вклучува изграден идентитет преку доживеани искуства, постојаност во работата и љубовта и фокус кон добросостојбата на други. Имајќи ги достигнато овие цели, возрасната единка, исто така, се чини дека донесува самостојни одлуки, ја прифаќа одговорноста за нив и поседува финансиска независност. Доколку ова е идеализирана слика на успешен и балансиран возрасен 23 поединец, тогаш можеби потрагата по оваа визија на возрасноста е доживотен процес. Доколку тоа е случај, станувањето возрасен поединец, би можело едноставно да значи преминување на прагот кон станување возрасен во поголема мера во споредба со „невозрасен“ поединец (Trible, 2015). Станувањето возрасна единка значи прифаќање и чувство на задоволство со реалноста. Дел од она што означува да се биде возрасен поединец е формирањето на сопствени избори и прекинот на постојана надежност за нешто подобро. Тоа вклучува и

сфаќање дека опсегот на можностите не е неограничен (Arnett, 2015). Поединците сфаќаат дека не можат да го добијат токму она што го сакале и одлучуваат тоа што можат да го имаат да го ценат како доволно добро. Во своите истражувања, Арнет открил дека поединците чувствуваат олеснување како пгго се приближуваат кон триесетгата година и се стабилизираат во полето на љубовта и работата. Младите стануваат уморни од промена на работни места и партнер(к)и и копнеат по постојаност кога се приближуваат кон оваа возраст. Додека пак, поединците кои сѐ уште не се обврзале, често се чувствуваат дека биле „оставени“ на патот кон возрасноста. Единката е возрасна кога ќе стане свесна дека сонот е една работа, а реалноста е друга работа, но сепак смета дека реалноста е одлична (Arnett, 2015; според Lebowitz, 2015).

Димензии на раната возрасна доба

Иако раната возрасна доба се смета како развојна фаза, се чини дека и во неа има посебни фази, димензии, процеси кои што го подобруваат развојниот процес. Раната возрасна доба како фаза вклучува динамична прогресија што ги содржи следниве димензии: *истражување на идентитетот, нестабилност, фокусираност на себе, чувство „помеѓу“,и можности* (Arnett, 2004).

Концептот на *истражувањето на идентитетот* е опишан во теоријата на развој на Ериксон (Erikson, 1950). Но, Ериксон го сместува истражувањето на идентитет повеќе во адолесецијата отколку во зрелоста. Иако истражувањето на иденититетот може да се јави во целиот живот, сепак се повеќе индикации се јавуваат што упатуваат на тоа дека оваа димензија, иако се јавува во адолесенцијата, сепак, се продлабочува во раната возрасна доба (Arnett, 2004). Со тоа, истражувањето на идентитетот е важна карактеристика на раната возрасна доба.

Уште една димензија на раната возрасна доба е *нестабилноста.* Нестабилноста може да се покаже во различни области: во врските и односите, во определбите за понатамошна едукација, ситуации поврзани со живеењето, работни или

кариерни избори и слично (Tanner et al., 2009). Нестабилноста може да се манифестира преку недостаток на посветеност, зголемени флуктуации во тие области, што може да допринесе до јавување на емоции како што се страв, анксиозност или тензија. Нестабилноста тогаш се смета дека е уште една значајна карактеристика на раната возрасна доба.

Наредна димензија на раната возрасна доба е значајниот степен на *фокусираност на себе.* Фокусираноста на себе е всушност степенот со кој младите возрасни ја перцепираат својата независност, со што тоа влијае врз нивнот пристап кон врските, работата и живеењето (Arnett, 2004). Понатаму, фокусираноста на себе не значи себичност или самобендисаност. Слободата која ја искусуваат младите возрасни во оваа фаза во животот им дава можност да живеат онака како што сакаат наместо да им се кажва како да живеат или да бидат приврзани од други околу тоа како да ги организираат нивното време и нивните врски (Arnett, 2004). Себефокусираноста, се чини дека е интегрален дел на раната возрасна доба.

Чувството „помеѓу“ е уште една димензија на раната возрасна доба.Овој аспект е многу важен затоа што, многу млади возрасни, не се идентификуваат доволно со адолесцентите, но и не се сметаат себеси за целосно возрасни или зрели (Arnett, 2001, 2003). Поради ова, младите возрасни доживуваат амбивалентност, перцепирајќи дека имаат достигнато статус на возрасни за некои работи, но за некои не (Nelson & McNamara Barry, 2005). Ова е потврдено дека се случува кај младите возрасни во повеќе земји и култури (Facio & Micocci, 2003; Mayseless & Scharf, 2003).

Последна димензија поврзана со раната возрасна доба е фокусот на *можностите.* Фокусот на можности во оваа фаза се базира на нивото на надеж што младите возрасни го имаат во врска со иднината и потенцијалот што мислат дека постои таму (Arnett, 2004). Младите возрасни ги прифаќаат можностите за промена во нивните животи, што е резултат на нивното перцепирано чувство на слобода кое им овозможува да донесуваат одлуки самите за себе, а не да им кажуваат другите.Оваа димензија заедно со експлорација на идентитет,

нестабилност, фокусираност на себе, и чувство„помеѓу“, се централните карактеристики поврзанои со развојната фаза, рана возрасна доба.

Приврзаност за родители во рана возрасна доба

Улогата на родителите во животите на младите возрасни е многу значајна.Дури и во раната возрасна доба, родителите генерано се најзначајните атачмент фигури во животите на нивните деца (Fraley & Davis, 1997). Така, повеќето млади возрасни оддржуваат значајна врска со нивните родители, иако процесот на постанување возрасен се чини дека сам по себе носи помалку инволвираност од страна на родителите отколку во детството (Ainsworth, 1989). Статусот на сигурно врзување со родителите се чини дека е цел на младите возрасни.Се верува дека сигурното врзување е од витална важност за индивидуите заради тоа што ги поттикнува истовремено да доживуваат чувство на независност, но и поврзаност со други (Allen, Hauser, Bell, & O'Connor, 1994). Приврзаноста со родителите е, исто така, поврзана со повеќе позитивни исходи во животите на младите возрасно. На пример, односот помеѓу родителите и младите возрасни се смета дека е значајно влијателен фактор во врска со способноста на адолесцентите да развијат цврсти стратегии за справување и системи на лична поддршка (Greenburger & McLaughlin, 1998). Исто така, зголемени нивоа на приврзаност со родителите корелираат со позитивно прилагодување на факултет за младите возрасни (Rice & Whaley, 1994). Заради ова, јасно е дека, иако приврзаноста за родителите можеби изгледа поинаква за новороденчињата за разлика од младите возрасни, сепак, присуството на здрава родителска приврзаност е позитивно поврзано со чувството на добросостојба и прилагодувањето во животот кај младите ворзасни.

Родителски стилови

Родителскиот стил најчесто се определува како збир од постапки со кои родителите на најдобар начин ќе ги остварат своите воспитни цели, без притоа да се наруши емоционалниот однос помеѓу нив и нивното/нивните дете/деца, што значи дека постапката произлегува или од основното чувство на прифаќање и љубов или од отфрлувањето и условената љубов. Дечениските истражувања на оваа тема, покажуваат дека односот помеѓу родителите и децата е основа за успешна социјализација на детето. Со нивниот релативно постојан начин на однесување спрема детето, родителите охрабруваат или елиминираат некои облици на однесување кај своите деца (Todorović, 2005). Според Рохнеровата теорија на прифаќање и отфрлање (Шурбановска, 2013), родителското прифаќање и родителското отфрлање заедно ја формираат топлината - димензија или континуум на кој се наоѓаат сите деца.

Димензијата топлина се однесува на квалитетот на афективната врска помеѓу родителите и нивните деца и на сите однесувања - физички, вербални и симболични кои родителите ги користат за да ги искажат своите чувства. Едниот крај на континуумот се карактеризира со родителско прифаќање кое се однесува на топлината, афекцијата, негата, грижата, поддршката или едноставно љубовта која родителите ја чувствуваат и искажуваат спрема своите деца. На другиот крај е родителското отфрлање, кое се однесува на отсуството или значителното повлекување на сите претходно споменати чувства и однесувања и со присуство на различни, штетни, физички и психолошки однесувања и чувства. Истражувањата укажуваат на значајна временска стабилност на индивидуалните разлики во однесувањето на родителите спрема нивните деца (Collins & Russel, 1991). Резултатите најчесто упатуваат на постоење две основни димензии на родителското однесување: емоционалност и контрола (Darling & Steinberg, 1993; Peterson & Rollins, 1987 според Sussman, Steinmetz & Peterson, 1999).

Димензијата емоционалност е биполарна димензија која се однесува на емоциите кои родителот ги доживува и покажува во интеракциите со детето. На едниот крај на димензијата се наоѓа емоционалната топлина, а на другиот емоционалното студенило.

Димензијата контрола, која исто така е биполарна, се однесува на оние однесувања кои родителите ги користат во интеракцијата со децата за да ги менуваат нивните однесувања и внатрешни состојби (Peterson & Rollins, 1987; според Sussman, Steinmetz & Peterson, 1999).

На едниот крај се постапките на цврста контрола на детското однесување, а на другиот се постапките на слаба контрола. Две најпознати класификации на родителските стилови дале Баумринд (Baumrind, 1966), која наведува три различни родителски стила: авторитативен, авторитарен и попустлив (пермисивен) стил и Мекоби и Мартин (Maccoby & Martin, 1983), кои на оваа класификација го додаваат и незаинтересираниот родителски стил.

Родителите со авторитативен стил на воспитување ги насочуваат детските активности на рационален и целисходен начин, поттикнуваат вербална комуникација, ги објаснуваат причините за своите постапки и го сослушуваат детето кога има приговори на родителските постапки и барања. Високо ги вреднуваат волјата на детето и дисциплината. Навремено ги препознаваат детските потреби и соодветно ги задоволуваат. Поставуваат јасни правила за однесување и јасни барања. Секогаш го земаат предвид развојниот период и развојните можности на детето.

Родителите со авторитарен стил ги обликуваат, контролираат и евалуираат однесувањата и ставовите на детето во согласност со апсолутните стандарди за однесување. Тие очекуваат безусловна послушност и користат казнени и насилни мерки за спречување на самоволието кога детските акции или верувања се спротивни на тоа што тие го сметаат за правилно однесување. Не ги земаат предвид потребите и правата на детето. Веруваат во рестрикција на автономијата на детето и го наградуваат одржувањето на редот и традиционалната структура. Не поттикнуваат вербална комуникација, верувајќи дека детето треба да го прифати нивното мислење и ставови. И авторитативниот и авторитарниот родителски стил подразбираат цврста контрола на детското однесување. Разликата меѓу нив е во димензијата емоционалност и во видот на контрола кој го користат. Авторитативните родители повеќе користат бихевиорална контрола.

Авторитарните родители заедно со бихевиоралната применуваат и психолошка, дисфункционална контрола, со што го оневозможуваат развојот на автономијата кај детето (Darling & Steinberg, 1993).

Родителите со попустлив стил на воспитување се однесуваат на неказнувачки, прифатлив и афирмативен начин кон импулсите, желбите и активностите на своите деца. Имаат ниски барања од детето и општо прифаќање и топлина во односите. Му дозволуваат на детето само да си ги регулира сопствените активности колку што е можно повеќе, не практикуваат контрола и не поттикнуваат почитување на надворешно дефинираните стандарди. Употребуваат манипулација за да ја постигнат посакуваната цел, но не и отворена моќ. Пермисивните родители ја минимизираат контролата над детето и практикуваат неконзистентна дисциплина (Todorović, 2005). Незаинтересираните родители се карактеризираат со ниска контрола и ниска емоционална топлина. Тие не ги контролираат своите деца, индиферентни се спрема нивните секојдневни активности и не ги забележуваат деталите и потребите кои се значајни за среќата и развојот на децата (Todorović, 2005).

Според (Мурџева-Шкариќ, 2009), авторитативното родителство ги развива диспозициите за среќа, самоувереноста кај децата во врска со способноста за совладување на задачите и учење нови вештини, емоционалната регулација, придонесува за помала ригидност во врска со половите црти (пр. сензитивност кај момчињата и независност кај девојчињата), води кон добро развиени социјални вештини и слично. Авторитарното родителство развива диспозиции за анксиозност, повлеченост и отсуство на среќа, придонесува за појава на сиромашни реакции на фрустрација кај децата, ниско себепочитување, се јавуваат потешкотии во социјални ситуации, од една страна, а од друга страна, овој родителски стил поттикнува добар успех во училиште и ја намалува веројатноста децата да се вклучат во антисоцијални активности. Попустливото родителство доведува до слаба емоционална регулација, бунтовничко и пркосно однесување,

децата не покажуваат упорност при извршување на задачите, имаат сиромашни социјални вештини, покажуваат несигурност поради недостаток на граници и насочувања и имаат склоност кон антисоцијални однесувања. Функционалност на семејството Во литературата терминот функционалност често се користи за дефинирање на оптимално семејство. Функционално обично означува нешто што претставува суд за употребливоста на семејните обрасци и достигнување на семејните цели.

Приврзаност за врсници во рана возрасна доба

Покрај родителите, врсниците, исто така, имаат значајна улога во животите на младите возрасни. Иако врските и приврзаноста почнуваат со родителите, луѓето како што стареат формираат повеќе врски со врсниците (Fraley & Davis, 1997). Иако истражувањата покажуваат дека улогата на родителите во животите на младите возрасни е најголема, сепак индивидуи кои се во романтична врска, на ниво на врсник, поверојатно е да го постават нивниот партнер на врвот на атачмент хиерархијата (Pitman & Scharfe, 2010). Со ова, приврзаноста за врсниците се чини дека е значајна врска, креирана и одржувана од страна на младите возрасни.

Еден од нус-продуктите на приврзаноста со врсниците е зголеменото чувство на сигурност кај младите возрасни.На пример, индивидуите што имаат сигурна приврзаност во нивните врски, исто така чувствуваат сигурност во врските со нивните врсници (Furman, Simon, Shaffer, & Bouchey, 2002). Исто така, едно истражување покажало дека индивидуите што покажале поголема автономија како адолесценти имаат поголем капацитет за впуштање во интимни пријателства и врски како млади возрасни (Scharfe et al., 2004). Со ова, се чини дека приврзаноста со врсниците им овозможува на младите возрасни чувство на сигурност, со тоа зголемувајќи ја вредноста и влијанието на тие врски во животите на младите возрасни.

Сумирано, очигледно е дека приврзаноста за родителите и за врсниците игра голема улога во животите на младите возрасни. За понатамошно разбирање на улогите на родителите и на врсниците, потребно е да се истражат начините на кои приврзаноста се разликува во однос на некои карактеристики, како и разлики врз основа на индивидуалностите на секоја личност.

Депресивност

Дефиниција

Што е депресија од клинички аспект?

- Депресивна реакција е нормална реакција на непријатни животни настани и спонтано минува, без лекарска интервенција
- Од клинички аспект депресијата е патолошка состојба која го нарушува психолошкото, социјалното и професионалното функционирање на личноста со своите симтоми на тага, замор, безволие, губење на интерес, суицидални мисли и тенденции, чуство на беспомошност, чуство на вина... кои немаат реална основа
- Ваква состојба кога трае барем 2 недели, бара клиничка евалуација и третман за депресија, таа спонтано не минува

Ризик фактори за депресија

- претходна депресивна епизода,
- депресивно растројство во семејството,
- сериозни негативни животни ситуаци,
- предиспонирачки фактори на личноста,
- женски пол.
- рана или средна адултна возрасти
- постпартален период,

- соматски хронични болести,
- низок социоекономски статус,
- развод, немање животен партнер
- Ддлготрајна невработеност и
- злоупотреба на алкохол или ле икови.

Симптоми и знаци на депресија соматски и психолошки

1. Депресивно расположение

2. Губење на чуство на задоволство и интерес
3. Замор,
4. Губење ,на самодоверба и самопочит,,
5. Неразумна самокритика, неосновано чуство на вина
6. Повторувачки мисли за смрт, самоубиство, суицидално однесување,
7. Недостиг на иницијатива, нерешителност, неспособност за концентрација,
8. Психомоторна забавеност или вознемиреност,
9. Нарушување на сонот и
10. Промени во апетитот и тежината

.

Критериуми за поставување на дијагноза во ПЗЗ

- Постоење на 4 од наведените симптоми во тек на најмалку 2 недели,
- Присуство на најмалку 2 од првите 3 симптоми,
- Типично е депресивните пациенти кај лекарите од ПЗЗ да се жалат на наведените соматските тегоби и необјасниви болки, (во 2/3 од случаите), а не ги опишуваат или ги сокриваат депресивните симптоми, кои лекарот треба да ги препознае и
- Истовремено постоење на анксиозно растројство, растројство на личноста или злоупотреба на супстанции може да прикрие дури и тешка депресија

Кој е следен чекор по препознавање на депресија и поставување на дијагноза ?

1. Да се препознае скриена депресија зад соматски симптоми!
2. Да се евалуира интензитетот!
3. Да се забележат психотични симтоми!
4. Да се процени суицидален ризик и да се организира принудна нега!
5. Да се ислучи органско афективно растројство!
6. Да се исклучи биполарно афективно растројство!

Интензитет на симптоми, функционален капацитет на пациентот и ниво на здравствена заштита

Лесна депресија,

- со 4-5 симптоми
- се лекува во ПЗЗ,
- способен за работам.

Умерена депресија

- со 6-7 симптоми.
- не е способен за работа и
- потрено е боледување, е
- потребно е упатување до специјалист, особено пациенти со коморбидитет, автодеструктивност, нефункционалност

Тешка депресија

- со 8-10 симптоми,
- пациентот има потреба од постојано надгледување спроведувано во специјализирана психијатриска установа

Психотична депресија

- Освен тешка депресија има психотични симптоми и тоа (ступор, делузии, халуцинации)

Зборот 'депресија' вообичаено се користи за да се опише чувството на тага, кои сите ние ја чувствуваме во некои период од нашиот живот. Тој исто така се користи при опишување на депресивни растројства кои можат да се

дијагностицираат. Бидејќи депресивните чувства се толку многу чести, важно е да се знае да се направи разлика кога човек се чувствува несреќен и тажен во секојдневниот живот, и кога има симптоми на депресивно растројство. Повеќето луѓе се чувствуваат несреќни или тажни кога се соочуваат со стрес, на пример, со загуба на некој близок, при раскинување на врската со партнерот или со големо разочарување или фрустрација. Овие емотивни реакции се соодветни во ваквите ситуации и тие обично траат само одредено време. Овие реакции не се сметаат за депресивно растројство, туку како дел од секојдневниот живот.

Депресивните растројства се група на болести кои се карактеризираат со долгорочно депресивно расположение или губење интерес за работите кои претходно биле забавни. Симптомите можат сериозно да го пореметат животот на лицето. Депресивните растројства се чести и скоро секое петто лице ќе доживее депресивно растројство во некој период од животот. Депресивните растројства се сериозни и вознемирувачки болести со вистински ризици по животот и здравјето на лицето. Неопходно е проценка и лекување од стручно лице. Во сериозни случаи, во почеток може да биде потребно хоспитализирање на лицето. За среќа, лекувањето на депресијата обично е многу ефикасно. Поголем број на различни ментални заболувања се пропратени со депресија.

Главно депресивно растројство

Ова депресивно растројство најчесто се дијагностицира. Лице со главно депресивно растројство станува многу нерасположено и не ужива во животот. Тој/таа губи концентрација и енергија, а се јавува и нарушување на јадењето и сонот. Исто така, честа е појавата на чувство на вина. Чувствата на безнадежност и очај може да го наведат лицето да помислува на самоубиство. Главното депресивно растројство може да се појави без да постои некоја очигледна причина и тоа може да се јави кај луѓе кои добро се соочуваат со животот, кои се добри во тоа што го работат и среќни во семејството и друштвените односи со други луѓе. Појавата на растројството исто така може да ја предизвика некој потресен настан со кој лицето не може да се соочи. 2/6 Кога симптомите на

главното депресивно растројство се проретчуваат и се поблаги, меѓутоа траат подолго (повеќе од две години), болеста се вика дистимично растројство.

Адаптивно нарушување со депресивно расположение

Лицата со оваа болест реагираат на стресни случки во нивниот живот, на пример, раскинување на блиска врска или губење на служба, меѓутоа на многу побурен начин отколку што е вообичаено. Чувствата на депресија се многу силни и често вклучуваат вознемиреност, недоволно спиење и промени во апетитот. Колку долго ќе траат симптомите е различно и тие може да траат од неколку недели до повеќе години. Лицата кои боледуваат од овој вид на депресија често треба да се лекуваат за да им се помогне да најдат начин за да се соочат со случката и да ги контролираат симптомите.

Постнатална депресија

Таканаречените ‘baby blues’ (постнатална депресија) влијаат на скоро половина од сите нови мајки. Тие се чувствуваат малку депресивни, вознемирени, напнати или болни и може да имаат проблеми со спиењето иако поголем дел од времето се уморни. Овој вид на депресија може да трае само неколку часа или дена и потоа да исчезне. Меѓутоа, кај околу 10 проценти од мајките ова чувство на тага се развива во сериозно растројство, познато како постнатална депресија. На мајките кои боледуваат од оваа болест им станува се потешко да се соочуваат со барањата во секојдневниот живот. Тие може да чувствуваат вознемиреност, страв, малодушност, тага и преголем умор. Некои мајки може да имаат напади на паника или да бидат напнати и нервозни. Може да дојде до појава на промени во апетитот и спиењето. Сериозна, меѓутоа ретка форма на постнатална депресија е постнаталната (пуерпералната) психоза. Жената не може да се соочува со

секојдневниот живот и може да биде растроена во начинот на кој размислува и се однесува. Неопходно е и за мајката и за детето, постнаталната депресија да се лекува - за тоа постојат многу ефикасни терапии.

Биполарно растројство на расположението

Личност кое боледува од биполарно растројство на расположението (претходно познато како манична депресија) има депресивни епизоди неизменично со манични периоди кои вклучуваат занесеност, хиперактивност, раздразливост, зголемена брзина на говорот и непромисленост. Во посериозни случаи, лицето исто така може да има делузии.

Ментални здравствени проблеми кои се јавуваат заедно со депресивните растројства

Личноститета кои имаат депресија многу често имаат симптоми на анксиозност. Штетното користење на алкохол и други видови дрога често се јавува заедно со депресијата. Тоа го усложнува лекувањето и затоа важно е ефикасно да се контролира користењето на алкохол и други видови дрога. Кај луѓето со депресија исто така е зголемен ризикот од самоубиство.

Често постојат повеќе меѓусебно поврзани фактори кои се поврзуваат со депресија.

Генетски фактори

Утврдено е дека склоноста да се заболи од депресија е наследна. Тоа е слично на склоноста кон други болести, на пример, шеќерна болест и срцеви заболувања.

Биохемиски фактори

Се смета дека депресивните растројства делумно се должат на хемиската неурамнотеженост во мозокот. Ова неурамнотеженост се лекува со анти-депресанти.

Стрес

Стресот се поврзува со појавата на депресивни растројства, посебно личните трагедии или несреќи. Депресивните растројства почесто се јавуваат во одредени фази од животот кои вклучуваат големи промени во животот, на пример, раѓање на дете, климактериум и смртни случаи. Како резултат на тоа, тие почесто се јавуваат кај младите возрасни лица, жените, постари лица и лица со физички здравствени проблеми.

Карактер

Личностите со одредени карактери се повеќе склони да добијат симптоми на депресија. Депресијата обично се јавува кај луѓе кои лесно се обеспокојуваат, кои се многу чувствителни и емотивни и кои бурно реагираат или лесно се вознемируваат со работите кои им се случуваат во животот. Лицата кои се перфекционисти и самокритични и кои поставуваат високи стандарди за себе и за другите се склони на депресија. Лица кои се многу зависни од други лица исто така се склони на депресија ако се разочараат. За разлика од нив, лицата кои се оптимисти и кои позитивно размислуваат не се склони да заболат од депресија.

Користење на алкохол и други видови на дрога

Штетното користење на алкохол и други видови на дрога ги прави луѓето да бидат многу склони на депресија. Тоа исто така придонесува за зголемување на ризикот од самоубиство кај луѓето со депресивни растројства.

Депресивните растројства може да се лекуваат многу ефикасно. Лицата кои чувствуваат тага подолго време, или кај кои тагата влијае на нивниот живот во голема мера, треба да го контактираат семејниот доктор или да одат во здравствениот центар во заедницата. Видот на лекување ќе зависи од симптомите кои ги има секое лице, меѓутоа ќе вклучува една или повеќе од наведените терапии.

• Психолошки интервенции, на пример, когнитивната бихевиористичка терапија (КБТ), кои имаат за цел да го изменат начинот на размислување, однесување и верувањата кои се поврзуваат со депресија.

• Терапиите за подобрување на меѓучовечките односи им помагаат на луѓето да разберат како односите со другите луѓе делуваат на нивните емоции.

• Антидепресантите ги намалуваат депресивните чувства, одново го воспоставуваат вообичаеното спиење и јадење и ја намалуваат анксиозноста. За разлика од седативите, антидепресантите не создаваат зависност. Тие постепено ја враќаат рамнотежата на невротрансмитерите во мозокот и треба да се земаат од една до четири недели за се постигнат позитивни резултати.

• Промените во расположението, на пример, во случај на биполарно растројство на расположението, може да се контролираат со посебни лекарства.

• Промени во начинот на живеење, на пример, физичкото вежбање и намалено штетно користење на алкохол и други видови дрога, им помагаат на луѓето да се излечат од депресија.

• За безбедно и ефикасно лекување на некои многу сериозни форми на депресија се користи електроконвулзивна терапија (ЕКТ), или шок терапија, како што таа понекогаш погрешно се нарекува. Оваа терапија може да им го спаси животот на

луѓето кои се изложени на голем ризик да извршат самоубиство или кои, заради сериозноста на болеста престанале да јадат или примаат течности, би умреле.

Семејството и пријателите на лицата кои боледуваат од депресивно растројство често може да се збунети и потресени. Поддршката и подучувањето, како и подоброто разбирање од заедницата, се важни во лекувањето.

Сегашната состојба на литературата за етиолошката улога на семејните и родителските ризик фактори за депресија во период на адолесценција, ја рефлектира потребата за критичка анализа и евалуација на досегашната литература и истражувања, заедно со критички осврт како тие се третираат во истражувањата на третманите на депресијата. Во светската литература не постои еден теоретски пристап кој би одговорил на клучните етиолошки прашања за улогата на семејните и родителски ризик фактори за депресија во адолесценција и механизми на настанување.

Семејниот контекст на адолесцентите

Семејниот контекст на адолесцентите е развоен контекст и индивидуален развој на адолесцентите, кој подобро ќе го разбереме ако го согледаме во семеен, културен и временски контекст (Mc Goldrick & Carter, 2002). Современите семејни теоретичари и практичари ја виделе семејната нормалност пред сè како процес на оптимално (а не идеално) семејно функционирање. Индивидуата го почнува својот животен циклус со наследен материјал кој се вообличува низ развојот под влијание на средината. Семејството е трансмитер не само на генетскиот материјал туку и на системот на вредности и моделот на функционирање по потекло од претходните генерации. Во развојниот циклус на семејството, анксиозноста е најмногу поврзана за транзиционите премини од една фаза во друга. Тоа се моменти кога семејството најчесто постанува дисфункционално, посебно ако покрај развојните и актуелните стресови е потребно да се носи и со неразрешени оптеретувања од животот на своите предци. Два такви транзициони

периоди го очекуваат семејството на неговиот влез и излез од адолесцентните фази на развојот.

Семејна клима

Во рамки на когнитивната интерперсонална теоретска перспектива „голем број на истражувања ја акцентираат улогата на семејните интеракции како релевантни фактори во разбирање на депресивната симптоматологија и пореметувања “ (Sheeber, Hops, & Davis, 2001). Овие социјалнобихејвиорални дефицити се причина да кај адолесцентите се генерира дисфункционалност во нивните релации, што го зголемува ризикот од депресија. Понатаму, депресивните симптоми го ослабнуваат и дестабилизираат интерперсоналното функционирање и овозможуваат одржување на депресијата и ризикот од појавување. Треба да се акцентира важноста на микро социјалното окружување, социјалните интеракции и очекувања од себе и другите семејства, врсници, пријатели, значајни други во адолесценцијата и нивната поврзаност со депресијата. Социјалната подршка е многу важна варијабла, која има влијание на депресивната симптоматологија. Се покажало дека перцепираниот недостиг на социјална подршка од врсниците е поврзан со депресивната симптоматологија кај адолесцентите (Kaltiala-Hei- no, Rimpelä, Rantanen & Rimpelä, 2000). Наодите на истражувањата индицираат дека социјалната подршка игра витална улога и во промовирање на позитивното ментално здравје. Современата литература ја подржува идејата дека дисфункционалниот семеен контекст на депресивните адолесценти има недостиг на топлина и е високо емоционално негативен (Butcher, Mineka, & Hooley, 2013). Наодите на истражувањата сугерираат дека негативните семејни интеракции придонесуваат во појавување и одржување на депресијата во адолесценција и заедно со семејната подршка и конфликт ги претставуваат најзначајните фактори. Главна теза на овие истражувања е дека семејниот контекст (недостаток на емоционална експресија, недостаток на кохезија, присуство на конфликти, психолошка контрола) и посебно, раната семејнадисфункционалност, и релациите со врсниците, пријателите и значајните други, интерферираат со развојот на адаптивните интерперсонални однесувања и го забрзуваат, т.е. придонесуваат за

појава на маладаптивно однесување и истовремено се релевантни да се разбере развојот на депресивната симптоматологија кај децата и адолесцентите.

Рани загуби и сепарации

Истражувањата во кои е направен обид да се идентификуваат видови на настани кои би биле поврзани со депресијата не дале конзистентни резултати. Рутер, (Rutter, 1994, според Santrock, 2007), је проучувал реакцијата на децата на загуба на родители и одвојување од родителите како резултат на развод. Во своите поставки тој им дава предност на специфичните интеракции, а помалку на самите стресни настани, односно смета дека тешко се утврдуваат датум и настан кои се врзани со почетокот на менталното пореметување. Понекогаш тоа може да биде епизодично појавување со подобрувања или влошувања, или пак со постепена акумулација на симптоматологијата. Ретко кога изолираните животни настани ќе одговорат на прашањето за психолошкиот процес кој довел до психопатологијата. Харингтон, (Harrington,1993), дава преглед на истражувања за поврзаноста помеѓу депресијата и раните загуби.Утврдил дека не постои јасна поврзаност помеѓу овие два феномена: се чини дека не е толку пресудна раната загуба колку што се околностите во кои таа се случувала. Помеѓу раните загуби и депресијата, медијаторските варијабли се психосоцијални проблеми кои ја следат загубата, посебно недостиг на грижа за дете и индиферентност на родителот кој би требало да ја продолжи грижата за детето после смртта на другиот родител. Настаните како сепарација и загуба сама по себе, изолирани, не претставуваат фактор на вулнерабилност, но тоа стануваат во комбинација со други настани.

Злоставување и занемарување на деца и адолесценти

Злоставувањето и занемарувањето на децата и адолесцентите претставуваат најтежок облик на нарушен однос помеѓу родител и дете. Според психосоцијалните теории, овие проблеми настануваат како резултат на социо-економските стресори како што е сиромаштвото, низок социоекономски статус,

лоши услови на живеење, поголема социјална изолација на семејството и висок криминалитет. Заенах и соработниците, (Zae- nah, Boris, & Larrieu, 1997), во прегледот на истражувањата на ризичните фактори во развојот на психопатологијата утврдиле дека сиромаштвото и економските загуби значајно го зголемуваат ризикот за емоционалните проблеми кај родителите, зголемувајќи ја нивната психолошка вулнерабилност за негативни животни настани. Депресијата се јавува во сите возрасни групи на злоставувани деца, од претшколска возраст до адолесценција. Различни симптоми покажуваат одреден развоен тренд: анксиозност, ноќни кошмари, постраумaтски синдром, пореметувања во однесувањето, кои се очигледни во предучилишниот период додека повлекувањето, суицидалното и самоповредувачко однесување, телесните потешкотии, делата кои се казнуваат, бегањето од дома и злоупотреба на средства на зависност се почести во адолесценција. Физичките злоставувања на децата имаат изразени симптоми на депресивност, екстернален локус на контрола, ниска самопочит и изразена безнадежност. Злоставувањето на детето е поврзано со подоцнежниот развој на психопатолошките симптоми низ нарушена приврзаност помеѓу детето и возрасната личност која се грижи за него. Нарушените рани емоционални односи помеѓу детето и мајката биле евидентирани во семејства каде постои злоставување, а несигурната приврзаност резултира во негативна слика која детето ја создава за себе – ниска самопочит и чувство на некомпетентност.

Теориски препоставки за нивото на депресивност и осаменост со приврзаноста со родителите и врсниците

Социоемоционално врзување во адолесценција

Теоријата на социоемоционалното врзување генерално се фокусира на раното детство, бидејќи е познато дека тоа е периодот кога се оформуваат овие врски и

се формираат обрасците. Мал е бројот на истражувања кои го испитувале социоемоционалното врзување помеѓу адолесцентите и родителите и неговото влијание врз понатамошниот развој на поединецот. Според Аплгејт и Шапиро (Applegate & Shapiro, 2005),токму адолесценцијата е периодот во кој може да се консолидира процесот на сепарација-индивидуација од раното детство. Адолесцентите можат да интегрираат повеќе релациони искуства со цел да создадат погенерален став кон идните врзувања (Hesse & Main, 2000). Блос (Bios, 1967), адолесценцијата ја нарекол втор период на сепарација и индивидуација, додека првиот е втората година во животот. Оваа паралела е клучна за да се разбере важноста на социоемоционалното врзување во адолесценцијата.

На адолесцентите покрај автономијата, потребни им се силни врски со родителите. Силните врски со родителите во периодот на адолесценција им се потребни не само за да ги достигнат развојните задачи карактеристични за овој период, туку и да постигнат оптимално ниво на добросостојба (Domagala-Zysk, 2006). Квалитетни релации родител-дете во текот на адолесценцијата се поврзуваат со позитивно семејно функционирање кое подразбира споделување на чувства, поддршка во кризни моменти, активно слушање, охрабрување на децата да поставуваат прашања или да бараат помош кога им е потребна и слично (Boone & Lefkowitz, 2007). Адолесцентите кои се сигурно врзани е поверојатно дека ќе бараат позитивен фидбек и дека ќе го прифатат за разлика од оние кои не се сигурно врзани (Dykas & Cassidy, 2007). Сигурно врзаните адолесценти тежнеат да ги запомнат интеракциите, дури и оние негативните со нивните родители и со тек на време ќе развијат генерално позитивни чуства за односот со нив. Додека пак несигурно 22 врзаните адолесценти, значително помалку паметат работи од детството и генерално имаат негативно чувство за интеркацијата со родителите од тој период од детството (Dykas & Cassidy, 2007). Според Ригби, Сли и Мартин (Rigby, Slee, & Martin, 2007), постои изобилство докази за значајноста на поврзаноста помеѓу релативно влошеното ментално здравје и несоодветните врски со родителите, рефлектирано и од перцепираната слаба родителска грижа

и перцепираната авторитарност кај родителите. Адолесцентите кои имаат сигурни внатрешни модели на врзување покажуваат поотворено и пофлексибилно процесирање на социјални информации и за разлика од нивните врсници кои имаат несигурни модели на врзување, не тежнеат да ги потиснат релевантните лоши случувања од детството (Dykas & Cassidy, 2007, стр. 50). Поголема е веројатноста дека сигурно приврзаните адолесценти ќе имаат позитивна перцепција за своето семејство, врсниците и другите луѓе, отколку несигурно приврзаните. Причината за оваа разлика е тоа што, сигурно приврзаните можат да генерализираат информации од примарното врзување и со тоа имаат попозитивна перцепција на сите идни врски и интеракции во текот на животот (Dykas & Cassidy, 2007). Ова не значи дека за сигурно приврзаните адолесценти, овој развоен период не носи турбуленции. Со самото поминување низ оваа развојна фаза, се зголемува нивната тенденција на потценување на родителите и оддалечување од нив и секако, неминовно е да ги перципираат своите родители како поодбивни од порано (Ammaniti, van IJzenđoorn, Speranza, & Tambelli, 2000).

Во едно истражување во кое учествувале 17 годишни адолесценти, 75 % од испитаниците ги преферирале врсниците на сметка на родителите во однос на блискост и анксиозност при одвојување. Исто така, ги преферирале и како сигурна база (Hazan, Hutt, Sturgeon, & Bricker, 1991, според Allen & Manning, 2007). Во оваа развојна фаза почнува потрагата по партнерство со врсник. Ова партнерство вклучува социоемоционално врзување, репродукција, нега и заштита. Помалку важни релации во овој период се формираат со наставниците, роднините, другите пријатели и сл. Овие врски на адолесцентот му помагаат да изменаџира 23 емоционални ситуации и можат да бидат кратки или долготрајни.

Ваквите врски, иако помалку важни, ги имаат истите елементи како првите социемоционални врски со родителите, односно се нивно повторно градење (Allen & Manning, 2007). Според теоријата на Ејнсворт (Ainsworth, 1989; според Allen & Manning, 2007), сите идни релации се под влијание на основната, прва релација

односно првото социоемоционално врзување. Важно е да се признае и важноста на хормоните, невроfизиологијата и когницијата како фактори кои влијаат врз социомоционалното врзување исто како и социоемоционалното искутво

Адолесцентите во односот со родителите можат да станат и непослушни или бутновни, бидејќи покрај потребата да имаат блиска релација, се јавува и потребата да имаат контрола и моќ во односите со другите, вклучувајќи ги и родителите. Оваа моќ се обидуваат да им ја демонстираат на родителите со тоа што формираат нови врски (Allen & Manning, 2007).

Дали блиските емоционални врски со родителите и врсниците имаат слична фукнција за адолесцентите во однос на нивната подобра прилагодливост, во последно време е тема на интерес. Во едно истражување кое ја испитува релацигјата помеѓу социоемоционалното врзување со родителите и врсниците и прилагодувањето кај адолесцентите спроведено на 89 адолесценти со просечна возраст од 16 години, испитаниците пополниле скала за самоизвестување за социоемоционално врзување со родители и врсници, сочувство, академска ефикасност, агресија, анксиозност и депресија. Испитаниците биле поделени во 4 групи според скоровите за социоемоционално врзување со родителите и со врсниците: сигурно врзани и со родителите и со врсниците, несигурно врзани и со родителите и со врсниците, сигурно врзани со родителите, а несигурно со врсниците и несигурно врзани со родителите, а сигурно со врсниците. По спроведената дискриминантна функционална анализа, резултатите укажале дека социоемоционалното врзување со родителите и со врсниците има слична функција за прилагодливоста кај адолесцентите. Најдобро прилагодени (најмалку агресивни, најмалку депресивни) биле адолесцентите со сигурно врзување и со родителите и со врсниците, а најлошо прилагодени биле 24 адолесцентите кои биле несигурно врзани и со родителите и со врсниците. Понатаму, оние испитаници кои биле сигурно врзани за врсниците, но несигурно за родителите биле подобро прилагодени од оние кои биле сигурно врзани со родителите, а несигурно со врсниците. Овие наоди укажуваат дека влијанието на врсниците во

периодот на средната адолесценција е малку позначајно од она на родителите (Laible, Carlo, & Raffaelli, 2000).

Социоемоционално врзување за родителите

Според Ејнсворт и Болби (Ainsworth, 1973; Bowlby, 1969) социоемоционалното врзување е длабока и долготрајна врска која поврзува едно лице со друго, во одредено време и простор. Социоемоционалното врзување не мора да биде реципрочно, односно едно лице може да е врзано за друго лице, но не и обратно. Социоемоционалното врзување се карактеризира со специфични однесувања кај децата, како на пример, барањето блискост со објектот на врзување кога се вознемирени или исплашени (Bowlby, 1969). Социоемоционално врзување на родителите кон децата подразбира соодветен одговор на потребите на детето. Вакви однесувања се универзални и застапени во сите култури. Теоријата на социоемоционално врзување дава објаснување за тоа како релацијата дете-родител се пројавува и влијае врз подоцнежниот развој.

Во психологијата, теоријата на социоемоционално врзување потекнува од работата на Џон Болби (Bowlby, 1958). Неговата работа со емотивно растроени деца во триесетите години го оформила неговото верување дека постои поврзаност помеѓу раното одвојување од мајката и неадаптибилноста на детето понатаму во развојот. Овие искуства му помогнале да ја оформи теоријата на социоемоционално врзување.

Болби (Bowlby, 1969) социемоционалното врзување го дефинира како „ трајна психолошка поврзаност помеѓу човечки суштества“ (стр.194).Истиот автор (Bowlby, 1958), предлага дека социоемоционалното врзување може да биде разбрано во развоен контекст, во кој негувателот на детето му дава сигурност и 25 безбедност. Оваа релација има адаптивна улога, бидејќи на детето му служи како алатка за преживување. Според него, децата имаат универзална потреба да бараат блискост со лицето што се грижи за нив, кога се под стрес или под некаква

закана. Досега од предложените теории на социоемоционално врзуавање, се издвојуваат две концептуално различни гледишта.

Бихејвиористичката теорија на Долард и Милер (Dollard & Miller, 1950) предлага дека социоемоционалното врзување е збир на научени однесувања. Основата научењето е снабдувањето храна. Доенчето ќе се врзе за оној кој ќе го храни, ќе научи негувателот да го асоцира со чувство на удобност, еитост и по пат на класично условување, ќе бара утеха во негувателот, најчесто мајката. Бихејвиористите, исто така, сметаат дека одредени однесувања како, на пример, плачењето и смеењето, служат како алатки за посакувани одговори од другите, како на пример, внимание, удбност и утеха. Според процесот на оперантно условување, тие учат да ги повторуваат овие однесувања за да го добијат тоа што го сакаат. Еволуциските и развојните теории на социоемоционалното врзување на Болби и Харлов (Bowlby, 1969; Harlow, 1958) преддагаат дека децата доаѓаат на овој свет биолошки програмирани да оформат социоемоционални врски со другите, бидејќи тоа е начин да опстанат. Доенчето продуцира вродени, т.е. природни однесувања кои се социјални како, на пример, плачење и смеење и кои стимулираат исто така вродени т.е. природни одговори од негувателот. Определувач на врзувањето не е храната, туку негата и респонсивност, односно реактивноста. Болби (Bowlby, 1958) предлага дека детето првично оформува една примарна врска која има функција на сигурносна база, преку која ќе го испитува светот. Таа примарна врска е прототип на сите идни социјални релации кои детето ќе ги има, што значи дека нејзино прекинување ќе резултира со сериозни последици. Оваа теорија налага и критичен период за развој на врзувањето (од раѓањето до 5-та година од животот). Доколку во овој период не се развие никаква врска, на развојот на детето ќе се одразат ненадоместливи последици, како што се ограничена интелигенција и зголемена агресивност.

Социоемоционално врзување за врсниците

Во текот на развојот децата создаваат емоционални врски и со други лица покрај родителите. Социоемоционалната врска помеѓу детето и родителот влијае врз

социјалниот развој на детето, односно врз понатамошните врски со врсниците. Според Хазан и Цајфман (Hazan & Zeifman, 1999), децата мораат да создадат врски и со други лица. Како тече развојот на детето, во даден момент врсниците стануваат екстремно важни објекти на врзување. Овие релации, се разликуваат од оние со родителите. Во овој период децата наместо поголем дел од времето да го поминуваат со родителите, го поминуваат со врсниците (Collins & Repinsky, 1994).

Кернс (Kerns, 1994) смета дека овие врски му овозможуваат на детето да ја истражи независноста од родителите. Никерсон и Нагл (Nickerson & Nagle, 2005), велат дека во кризни моменти, адолесцентите бараат блискост и утеха од врсниците повеќе отколку во другите развојни периоди. Социоемоционалните врски со врсниците се важни бидејќи се случуваат во различни контексти од домашниот и овозможуваат понатамошен социјален равој. Во адолесцентниот период, кога децата бараат независност од своите родители за да го истражат светот самоетојно, се вртат кон врсниците, и релациите со нив стануваат централни. Ова поместување на фокусот кон врсничките релации може да се должи на новите социјални потреби кои се јавуваат токму во овој период, и никако не можат да бидат задоволени во рамки на врската родител-дете. Ова секако не го намалува влијанието на оваа врска, едноставно ја потенцира важноста на врсничките релации во адолесцентниот период (Youniss & Smollar, 1985).

Болби (Bowlby, 1969), исто така,смета дека во овој развоен период врската родител-дете ослабнува и дека поголема важност имаат односите со врсниците. Истражувањата и праксата покажуваат дека социоемоционалното врзување за врсниците корелира со чувството на припадност во врсничките релации (пр. Elicker, Englund, & Sroufe, 1992), со популарноста (пр. DeMulder, Denham, Schmidt, & Mitchell, 2000), со агресивноста (пр. Cohn, 1990; DeMulder et al., 2000), со 27 себепочитувањето (пр. Armsden & Greenberg, 1987) и со појавата на депресија во адолесцентниот период (пр. Raja, McGee, & Stanton, 1992), што ја зголемува веројатноста да постои поврзаност помеѓу социоемоционалното врзување со врсниците и оеаменоста.

Во своето истражување Кениг, Ајсакс и Шварц (Koenig, Isaacs, & Schwartz, 1994) ги одредуваат депресијата и осаменоста како два карактеристични проблеми во адолесценцијата. Иако почнувајки во адолесценцијата, девојчињата два пати повеќе искусуваат депресија од момчињата, а бидејќи депресијата и осаменоста се високо корелирани, изненадувачки е фактот што според нивните сознанија девојчињата не се поосамени од момчињата. Според нивните наоди, кога ќе дојдат до израз родовите разлики, момчињата се оние кои се поосамени. Испитале две можни објаснувања за овој парадокс: родово специфична разлика во одговорите, карактеризирана како негирање на емоционалната болка кај момчињата која различно ги засега изјавите за депресија наспроти осаменост, и родовите разлики во поврзаноста на депресијата и осаменоста, каде што депресијата има поголема поврзаност со оеаменоста за момчињата одколку за девојчињата. Резултатите посочуваат валидност и на двете испитани објаснувања, иако не постоеле родови разлики во осаменоста помеѓу многу депресивните и недепресивните, умерено осамените момчиња биле значајно поосамени од умерено депресивните девојчиња и еднакво осамени како многу депресивните момчиња. Оваа разлика во депресивноста и осаменоста кај умерено депресивните девојчиња можеби е потенцирана заради големата стапка на депресивност кај девојчињата во овој примерок (65%), умерено депресивни девојчиња и разликите во начинот на справување со чуствата на депресивност и осаменост, односно девојчињата многу почесто зборуваат со своите пријатели, за разлика од момчињата.

Во друга студија (Mahon, Yarcheski, A & Yarcheski, J., T. 1994) спроведена на 113 испитаници во рана адолеценција, 106 во средна адолесценција и 106 во доцна адолесценција, не покажале значајни разлики во однос на социјалната поддршка низ трите периода од адолесценциј ата, додека пак пронашле статистички значајни 34 разлики помегу девоЈчињата и момчињата во однос на социЈалната поддршка, и не пронашле родови разлики во осаменоста. Целта на ова

истражување била да се испита перцепирната социјална поддршка и осаменост во трите периоди на адолесценцијата детерминирани од возраста и полот. Како што може да се забележи по прегледот на достапната литература релевантни истражувња, добивани се контрадикторни резултати во однос на родовите разлики во осаменоста.

Во еден труд на Борис и Перлман (Borys & Perlman, 1985) направена е класификација на 39 постоечки истражувања поделени зависно од тоа дали за мерење на осаменоста ја користеле UCLA скалата (такви биле вкупно 28), или некоја друга мерка за самопроценка на осаменоста (останатите н). Ваквата поделба покажала јасен образец. Имено, статистички значајни разлики во однос на полот најчесто не се најдени доколку се користи UCLA скалата, но во случаи кога ваквите разлики биле најдени, испитаниците од машки пол најчесто имале повисок просечен скор на осаменост. Додека, пак, кога се користени другите мерки за осаменост, испитаниците од женски пол почесто признавале дека се чувствуваат осамени, од испитаниците од машки пол. Значењето на родовите улоги е главен фактор за ваквата појава и контрадикторните резултати во однос на разликите во осаменоста помеѓу машките и женските, односно стереотипноста на улогите маж и жена.

За да се испита оваа хипотеза спроведен е експеримент. На 117 испитаници им е покажана истата студија на случај за осамен поединец, манипулирано е само со полот на поединецот опишан во студијата. Испитаниците покажувале поголема одбивност доколку студијата била за осамен маж, отколку за осамена жена. Со оваа етудија авторите се обиделе и успеале само да го потврдат гледиштето дека на лицата од женски пол им е полесно да ја признаат и искажат осаменосат, бидејќи општеството полесно ја прифаќа оеаменоста кај жените, односно негативните последици се помали.

Уште една студија објавена во 1998 (Cramer & Neyedley, 1998) ја проценува големината на половите разлики во осаменоста во однос на влијанието на две варијабли, маскулиноет и фемининост. Во процесот учествувале 256 испитаници, 35 кои ги пополниле UCLA скалата за осаменост и Bern Sex Role инвентарот. Иако

првично не се покажале полови разлики, односно испитаниците од машки пол биле поосамени од испитаниците од женски пол, откако на скоровите за оеаменост билдодаден и родовиот идентитет на испитаниците, добиени се значајни разлики, односно маскулините испитаници биле поосамени од феминините.

Ваквите резултати ја поддржуваат хипотезата декаиспитаниците од машки пол не се подготвени да ги признаат своите чувства на осаменост. Маскулиноста како родов идентитет кај испитаниците ја прикрива постоечката разлика во осаменоста кај машките и женските, бидејќи на поединците со високо изразени маскулини црти им е потешко да ја признаат и покажат својата слабост. Затоа авторите на оваа студија даваат препорака во понатамошните истражувања на разликите во осаменоста да се користат инструменти и за проценка на родовата улога.

Може да се спомене и едно истражување на Медвед (Medved, 2011) чија цел била да ги истражи разликите во осаменоста во однос на полот и возраста на предадолесцентите и адолесцентите во рана адолесценција, како и поврзаноста помеѓу осаменоста и неколку други индикатори за социјалните релации. Примерокот се состоел од 188 испитаници во основно училиште од петто до осмо одделение на кои им биле зададени прашалници за осаменост (UCLA scale), Intimate Friendship Scale, Multidimensional Scale of Perceived Social Support, и социометриски прашалник. Резултатите покажале релативно ниски скорови на осаменост за примерокот, со тоа што момчињата биле значајно поосамени од девојчињата. Кај девојчињата поосамени биле постарите испитанички, додека кај момчињата обратно, помладите испитаници имале повисок скор на осаменост. Индикаторите за социјалните релации не покажале значајни разлики помеѓу момчињата и девојчињата во однос на осаменоста. Полови разлики се добиени во однос на социјалниот статус, односно поосамените девојчиња имале понизок социјален статус, додека пак момчињата кои имале подобар социјален статус биле помалку осамени (Medved, 2011). Во контекст на осаменоста, родовите улоги и социјалните релации, ќе се спомене уште едно истражување спроведено на примерок од 43 машки и 53 женски егуденти, кои во текот на две недели ја

запишувале секоја социјална интеракција 36 која ја имале и која траела 10 минути или повеќе. Потоа им биле зададени UCLA прашалникот за осаменост и PAQ прашалникот за родова ориентација. Добиените резултати покажуваат дека за двата пола, осаменоста била негативно поврзана со количината на време поминато со женски лица, односно лицата кои поминувале повеќе време со женски пријатели биле помалки осамени. Фемининоста била, исто така, негативно поврзана со осаменоста за двата пола (Wheeler, Reis, & Nezlek, 1983). Испитани биле полови разлики во осаменоста и депресијата кај студенти кои бараат советување. Зададена име UCLA скалата за осаменост, скратена верзија и Beck Depression Inventory (BDI) на вкупен примерок од 325 студенти кои побарале советување, од кои 107 машки и 218 женски. Резултатите за осаменоста покажале значајни разлики, машките испитаници биле поосамени од женските, додека пак женските биле подепресивни од машките. Половите разлики во однос на осаменоста и депресијата, авторите ги објаснуваат како резултат на различни образци во осаменоста и депресијата како реални разлики помеѓу мажите и жените, или пак полови разлики во начинот на давање одговори (Wiseman, Guttfreunđ, & Lurie, 1995)·

Иако Болби ја нема експлицитно потенцирано повраноста помеѓу социоемоционалното врзување и осаменоста, во истражувањата оваа поврзаност се потврдува.

Во својот труд Демирли и Демир (Demirli & Demir, 2014), велат дека Хект и Баум (Hect & Baum, 1984; според Demirli,& Demir, 2014) покажале дека раното социемоционално врзување влијае врз осаменоста во понатамошниот развој на примерок на студенти. Потврдените хипотези се во согласност со теоријата Болби' за социоемоционално врзување и сепарација.

Кобак и Сцири (Kobak & Sceery, 1988; според Demirli, & Demir, 2014) покажале дека несигурно приврзаните испитаници во доцната адолесценција имале значајно повисоки скорови за нељубезност, анксиозност, депресија и осаменост за разлика од сигурно приврзаните. Исто така, Брејџ и Мередит (Brage & Meredith,

1994), дошле до наоди кои потврдиле дека кохезивноста на семејството и релациите родителдете влијаат врз осаменоста.

Хојат (Hojat, 1982; според Demirli, 2014) објавил дека кај поединците кои немале значајни врски со врсниците се јавувала поголема осаменост. Кај оние кои изјавиле дека немале со кого да ги споделат своите чувства и мисли во детството се јавувала поголема осаменост во зрелоста.

Берлин и соработниците (Berlin et al., 1995; според Demirli, 2014) ги соопштиле нивните резултати за осаменост, според кои скоровите кај избегнувачки приврзаните поединци биле високи, додека кај сигурно приврзаните биле средно високи. Покрај ваквите наоди, тие сметаат дека доколку осаменоста се мери и преку себеоткривањето, кај сшурно приврзаните поединци осаменоста ќе се покаже значајно пониско.

ДиТомасо и соработниците (DiTommaso, McNulthy, Ross, & Burgess, 2003; според Demirli, 2014) сметаат дека сигурно приврзаните поединци имаат подобри социјални вештини и се чуствуваат помалку осамено.

Во друго истражување на Мен и Хамид (Man & Hamid, 1998; според Demirli, 2014) најмногу осамени биле плашливо приврзаните, потоа избегнувачки приврзаните, додека испитаниците со сигурно социоемоционално врзување биле најмалку осамени. Хазан и Шејвер (Hazan & Shaver,1987), користејќи модел со три категории на социоемоционално врзување сметале дека истото го предвидува нивото на осаменост. Имено, испитаниците кои биле сигурно врзани биле најмалку осамени, мерено со UCLA скалата за осаменост, (не разликува социјална и емоционанална осаменот), додека пак несигурно врзаните односно амбивалентите и анксиозните биле најмногу осамени. Единствено испитаниците со избегнувачки тип на врзување покажале средно ниво на осаменост. Авторите сметаат дека и оваа група не покажала поголемо ниво на осаменост единствено поради тоа што е малку веројатно дека ваквите испитаници ќе изјават нешто негативно за себе.

Уште едно истражување чија цел била да ја истражи предиктивната улога на видот на социоемоционално врзување врз осаменоста и депресијата. Примерокот на ова истражување се состои од 652 испитаника (313 женски, 339 машки) студенти. Податоците биле прибирани со помош на прашалникот UCLA-R за осаменост, и Бековиот инвентар за депресија. Според резултатите, социоемоционалното 38 врзување корелира високо со осаменоста и депресијата. Значајна поврзаност е пронајдена и помеѓу осаменоста и депресијата, како и главен ефект на социоемоционалното врзување врз осаменоста и депресијата. Според овие резултати може да се каже дека типот на социоемоционално врзување е важен фактор кој ги засега интерперсоналните врски и ги детерминира нивоата на осаменост и депресија кај поединецот (Erozkan, 2011).

Во една квалитативна студија на осаменоста во адолесценцијата, осаменоста се смета за значаен контрибуирачки фактор кон стапката на самоубиства и ментални болести во адолесценцијата. Оваа студија ја истражува природата на осаменоста и пријателствата опишани од страна адолесценти во средната адолсценција. Во оваа студија учествувале вкупно 33 испитаници од кои 13 момчиња 20 девојчиња на возраст од 10-15 години од области со низок, среден и висок социоекономски статус во Перт, Западна Австралија. По пат на индуктивна анализа на транскриптите на спроведените интервјуа, формирани се концешуални категории, релации и теорија. Осаменоста била идентификувана како мултифакторијално искуство кое се базира на два главни конструкти: I) поврзаност со пријателите, и 2) перцепција на осаменоста. Квалитативните наоди го поддржуваат концептот на позиционирање на адолесцентите на континууми внатре во овие два концепти; I) пријателство- поврзаност со врсниците и неповрзаност со врсниците, и 2) перцепција на осаменоста- позитивна и негативна. Во заклучоците е нагласено дека осаменоста е мултидимензионала и е под влијание на постоењето или отсуството на значајни пријателства како и на начинот на кој адолесцентите ја доживуваат сопствената осаменост. Имено, осаменоста може да има и позитивна и негативна асоцијација за адолесцентите. Ова изгледа зависи од контекстот и фрекфенцијата во која таа е доживеана. Осаменоста може да се ублажи и намали доколку постојат пријателски релации со врсниците и може да биде доживеано

негативно доколку не постои социјална поврзаност. Ова ја нагласува поврзаноста на ранливоста со нестабилните пријателства и важноста на врсничките релации.

Сличен наод е добиен во истражување на врската помеѓу социоемоционално врзување со родителите, социоемоционално врзување со врсниците и субјективното чувство на емоционална осаменост. Испитани биле з хипотези на примерок од 440 студенти на психологија. Резултатите покажале дека социомоеционалното врзување со врсниците е главен медијатор помеѓу социоемоционалното врзување со родителите и чувството на емоционална осаменост. Поврзаноста на социоемоционалното врзување со родителите и емоционалната осаменост се покажала мошне слаба. Конечно, чувството на емоционална осаменост значајно не влијае врз социоемоционалното врзување со врсниците (Bogaerts, Vanheule, & Desmet, 2006).

Во своето истражување спроведено на 935 адолесценти кое ја испитувало поврзаноста на социоемоционалното врзување со родителите и врсниците со психолошкото здравје и добросостојба, Раја, МекГи и Стентон (Raja, McGee, & Stanton, 1992) добиле резултати според кои перцепираното социоемоционално врзување со родителите не се разликува помеѓу машките и женските испитаници, додека пак кај врзувањето со врсниците постојат разлики, односно женските испитаници имаат повисок скор. Исто така, во споредба со машките испитаници, женските имале повисоки скорови на скалите за анксиозност и депресија, кои укажуваат на полоша добросостојба. Понискиот скор на социоемоционалното врзување со родителите е значајно поврзан со ниски скорови на скалите за добросостојба. Затоа пак, адолесцентите кои имале висок скор на скалите за социоемоционално врзување и со родителите и со врсниците имале и високи скорови на скалите за добросостојба.

Целта на едно неодамнешно истражување била да се испита релацијата помеѓу комуникацијата со родителите и осаменоста кај адолесцентите. Истражувањето е спроведено на примерок од 179 адолесценти од кои 81 машко и ıо í женски испитаници со просечна возраст од 16.30 години . Примерокот бил избран по пат на случаен избор. За варијаблата комуникација со родителите зададен бил IPPA

прашалникот, додека пак за проценка на чуството на осаменост кај адолесцентите UCLA скалата. Испитана е корелацијата за да се открие врската помеѓу комуникацијата со родителите и осаменоста кај адолесценти. Резултатите покажале негативна поврзаност, односно доколку комуникацијата со родителите се зголеми, осаменоста ќе се намали. Имајќи предвид дека комуникацијата е индикатор на социоемоционалното врзување, односно зголемената комуникација укажува на сигурно социоемоционално врзување, можеме да кажеме дека овој наод ја потенцира важноста на врската со родителите во однос на осаменоста кај адолесцентите (Selvaraj, 2015).

2. Релевантни емпириски истражувања

Бидејќи се смета дека приврзаноста првично се јавува со родителите, па потоа се префрла кај врсниците, се чини дека родителите и врсниците се натпреваруваат за значајноста во животот на индивидуата. Иако овие разлики се менуваат во текот на животот, се покажало дека квалитетот на приврзаност со родителите и врсниците е значајно поврзан со целокупната психолошка добросостојба (Armsden & Greenberg, 1987).

Статусот на сигурна приврзаност со родителите се чини дека е цел на младите возрасни. Сигурната приврзаност е од витална важност за индивидуите затоа што им дава можност истовремено да доживеат чувства на независност, но и поврзаност со други (Allen, Hauser, Bell, & O'Connor, 1994; Kobak, Cole, Ferenz-Gillies, Fleming, & Gamble, 1993). Ова истражување е поткрепено од друго истражување кое покажало дека индивидуите кои имале поголема автономија како адолесценти, покажале поголеми нивоа на емоционална конекција со нивните родители во раната возрасна доба (Scharf, Mayseless, & Kivenson-Baron, 2004).

Приврзаноста со родителите исто така е поврзана со различни позитивни исходи во животите на младите возрасни. На пример, односот помеѓу родителите и младите возрасни се смета дека е значаен влијателен фактор во способноста на адолесцентите да развијат цврсти стратегии за справување и системи на лична поддршка (Greenburger & McLaughlin, 1998). Во продолжение, зголемените нивоа на приврзаност со родителите исто така е во корелација со позитивно прилагодување на факултет кај младите возраси (Holmbeck & Wandrei, 1993; Rice & Whaley, 1994).

Бартоломеј и Хоровиц (Bartholomew & Horowitz, 1991) ги добиле следниве резултати. Ако несигурниот квалитет на афективната врска е поврзан со примарната афективна врска со врсниците, тогаш би следело дека нормативниот резултат покажува дека партнерите или пријателите се типично на врвот на хиерархијата на афективната врска. Во овој случај нормативните резултати не би рефлектирале адекватни или здрави обрасци на афективна врзаност во периодот на адолесценција.Резултатите сугерираат дека сигурно врзаните ги задржуваат мајките како примарна фигура. Несигурно врзаните адолесценти ги идентигикуаат врсниците како примарни фигури.

Привзраноста со врсниците исто така игра важна улога во животите на младите возрасни.Едно истражување покажало дека индивидуите што биле во романтична врска, поверојатно е дека ќе го стават својот партнер на врвот на хиерархиската скала, пред родителите (Pitman & Scharfe, 2010). Горезе и Руџери (Gorrese &Ruggieri, 2012) спровеле мета-анализа на 44 истражувања поврзани со приврзаноста за родителите и врсниците, и резултатите покажале дека поголемиот дел од истражувањата покажале позитивна корелација помеѓу приврзаноста за родителите и приврзаноста за врсниците кај адолесцентите. Понатаму ГорезеиРуџерианализирале 54 истражувања за да откријат дали имало значајни разлики во поглед на полот. Резултатите покажале дека, генерално, адолесцентите од женски пол биле поприврзани со врсниците отколку машките. Исто така, женските покажале поголеми степени на доверба и комуникација од машките. Оваа анализа покажала дека има значајна поврзаност помеѓу

приврзаноста со родители и врсници, и дека има разлика помеѓу приврзаноста со врсници врз основа на полот.

Исто така, се покажало дека приврзаноста со врсниците има поеднакви степени на примање и давање помеѓу индивидуите во врската, што е спротивно на врската помеѓу детето и родителите, каде што родителите, генерално, даваат повеќе отколку што примаат во таа врска (Hazan & Zeifman, 1994).

Со навлегувањето на индивидуите во рана возрасна доба се менува и односот со родителите, кој е доста тежок и со чести конфликти во адолесенцијата. Аквалино (Aqualino, 2006) во неговото истражување открива дека се намалуваат конфликтите помеѓу младите возрасни и родителите, како и дека расте заемната поддршка помеѓу нив. Исто така, младите возрасни имаат степен на почит и разбирање кон родителите, кој преходно во адолесенцијата не постоел (Arnett, 2004).

Други истражувања покажуваат дека малдите возрасни имаат перцепција дека врските со нивните пријатели се позначајни и поинтимни отколку врските со нивните браќа и сестри (Pulakos, 1989). Исто така, бидејќи врските со пријателите не се трајни и наметнати како со роднините, се чини дека постои поголема мотивираност тие врски да се зачуваат и се вложува поголем труд во оддржувањето на тие врски (Collins & van Dulmen, 2006). Поврзано со ова, се чини дека разговорите со блиските пријатели во раната возрасна доба се многу значајни за формирање на идентитетот на индивидуата (Johnson & Aries, 1983). Згора на тоа, успешните пријтелства во раната возрасна доба, пронајдено е дека можат да бидат предиктори за успешно впуштање во работни активности како и за романтични врски (Roisman, Masten, Coatsworth, & Tellegen, 2004).

Во истражувањето на Шнајдерс (Schnyders, 2012) се покажало дека нивоата на приврзаност со родителите и врсниците позитивно се поврзани со успешното и позитивно перцепирано искуство во раната возрасна доба, како и дека приврзаноста може да биде предиктор за искуствата доживеани во раната

возрасна доба. Исто така, не се пронајдени значителни разлики врз основа на полот.

Искуствата на младите и нивните погледи во врска со преминот кон возрасноста претставуваат фокус на бројни студии од областа на науката за развојот, особено изминатите години. Карактеристиките на периодот на настанување на возрасноста се истражувани во повеќе земји преку Инвентарот за димензиите на настанувањето на возрасноста (Reifman, Arnett & Colwell, 2007).

Наодите од една романска студија на средношколци и студенти во прва и втора година (N=535, 237 средношколци, 298 студенти) укажуваат дека за разлика од средношколците, кај студентите има поголема изразеност на димензиите отвореност/можности и фокусираност на други (NegraSubtirica, 2012). Во бразилска студија, во која биле вклучени млади возрасни на возраст од 18 до 29 години (N=547, 196 машки и 351 женски), ДутраТоме, (Dutra-Thomé, 2013), земајќи ги предвид трите кариери на возрасноста (работа, брак и родителство) и трите нивоа на перцепција на статусот на возрасен (возрасен сум, се чувствувам „помеѓу“ и не сум возрасен), ги поделила младите возрасни во пет споредбени групи: 1. Возрасни (N=37), група која вклучува испитаници кои одговориле дека се чувствуваат возрасно и имаат исполнето барем две од трите кариери на возрасноста; 2. Самоперципирани возрасни (N=37), формирана од испитаници кои одговориле дека се чувствуваат дека се возрасни, но немаат исполнето ниту една кариера на возрасноста; 3. Млади возрасни (N=311), вклучувајќи ги оние кои одговориле дека се чувствуваат „помеѓу“ и некои немале, а некои имале исполнето една кариера на возрасноста; 4. Неподготвени возрасни (N=32), група основана од испитаници кои одговориле дека не се чувствуваат возрасно, но имаат исполнето барем една кариера на возрасноста; 5. „Невозрасни“ (N=51), млади возрасни што не се чувствуваат возрасно и немаат исполнето ниту една кариера на возрасноста. Според наодите, кај возрасните имало 26 повисоки скорови во поглед на димензијата фокусираност на други во споредба со

самоперципираните возрасни, младите возрасни, неподготвените возрасни и „невозрасните“.

Во истражување спроведено во Полска (N=684), на 349 лица во доцна адолесценција, од 17 до 19 години, 207 млади возрасни од 20 до 29 години и 128 возрасни од 30 до 34 години, со полската верзија на инвентарот за пет димензии на настанување на возрасноста (субскалата фокусираност на други е отстранета), откриено е дека истражувањето на идентитет кај младите возрасни е слично застапено како во доцна адолесценција, но значително повеќе застапено во споредба со возрасните (Oleszkowicz & Misztela, 2015).

Во малезиска студија кај студенти од прва година (N=108), истражувачите ги поделиле испитаниците во две групи во согласност на тоа како го перципираат нивниот статус на возрасна единка, и тоа самоперципирани возрасни (27,8%) и млади возрасни кои не се перципираат потполно како возрасни (73,2%). Според наодите, кај младите возрасни била поизразена димензијата истражување на идентитет, во споредба со самоперципираните возрасни. Додека, пак, фокусираноста на други била поголема кај самоперципираните возрасни (Wider et al., 2015).

Истражувањето на млади возрасни од 18 до 21 година (N=958), спроведено во Холандија, открива дека на холандската верзија на инвентарот за димензии на настанување на возрасноста (скратена на 24 ајтеми), најниските скорови биле изразени за димензиите негативност/ нестабилност и фокусираност на други, означувајќи дека периодот на настанувањето на возрасноста е позитивно искуство за младите возрасни од Холандија, со фокусираност на себеси, експериментирање и истражување на идентитет (Hill et al., 2015). Димензиите на периодот на настанување на возрасноста се испитувани и во Австрија (N=317, млади возрасни од 20 до 29 години). Наодите укажуваат дека највисоки скорови се

добиени за димензиите истражување на идентитет, отвореност/можности, потоа за 27 фокусираност на себеси, а нешто пониски за димензиите фокусираност на други и негативност/нестабилност (Sirsch et al, 2009).

Во некои истражувања е опфатена и поврзаноста на преминот кон возрасноста и полот. Наодите добиени во студија на млади возрасни од 18 до 30 години во САД, укажуваат дека кај жените е поверојатен преминот кон многукратни улоги на возрасноста истовремено, на пример комбинирање образование, работа и родителство, додека кај мажите е поверојатна последователната транзиција во различни домени, на пример комплетирање на образованието пред да се започне со работа, да се стапи во брак и да се стане родител (Oesterle et al., 2010).

Резултатите од истражување на 136 млади возрасни од 24 до 26 години во Шведска, откриваат дека поголемиот дел од жените веќе донеле одлуки што им го дефинирале идентитетот, односно пројавиле постигнат идентитет после процесот на експлорација, за разлика од мажите, од кои повеќето сè уште не го истражиле идентитетот и не донеле одлуки преку кои би дошло до негово дефинирање, т.е. изразиле дифузен идентитет (Frisén & Wängqvist, 2011).

Во 2013 година, во списанието „Церебрален кортекс“ е објавена студија од научници на Универзитетот Њукасл во Англија, во која пронајдено е дека мозоците на девојчињата, побргу поминуваат низ процесот на реорганизација и може и за io години порано од момчињата да ја постигнат созреаната состојба за процесирање на околината, како дел од нормалниот развој. Истражувачите заклучуваат дека ова може да е објаснението на тоа што жените генерално побргу созреваат во одредени когнитивни и емоционални области (Bergland, 2013). Во САД, во 2015 година, утврдено е дека во просек жените стапуваат во брак на 27,1 години, а мажите на 29,2 години.

Во Македонија, според Заводот за статистика, во 2016 година, просечната возраст при склучување брак е 26,5 години за жената и 29,3 години за мажот. 28 Од друга страна, во претходно наведеното грчко истражување пак, забележано е дека повеќе машки од женски студенти сметаат дека го достигнале статусот на возрасна личност (57.5% наспроти 32.8%) (Petrogiannis, 2011). За разлика од претходните студиски наоди, во погоре споменатото малезиско истражување на бруцоши, не се пронајдени значајни разлики помеѓу машките и женските во перципираниот статус на постигната возрасност (Wider et al., 2015).

Спроведени се повеќе студии во поглед на поврзаноста на чувството на постигната возрасност и возраста. На примерок од американски студенти (N=346) и млади возрасни од 21 до 28 години (N=140), 27% од студентите се изјасниле дека ја постигнале возрасноста, 10% воопшто не се чувствувале возрасно, а мнозинството (63%) на некои начини се чувствувале дека се возрасни, на некои не. За разлика од студентите, младите возрасни се изјасниле: 63% „да“, 2% „не“ и 35% „на некои начини да, на некои не“. Опсегот на млади возрасни кои се изјасниле со „да“ се зголемувал со возраста и тоа: 53% помеѓу младите на возраст од 21 до 24 години и 71% помеѓу младите од 25 до 28 години (Arnett, 1997).

И наодите од американската студија кај средношколци на возраст од 13 до 19 години (N=171), млади возрасни на возраст од 20 до 29 години (N=179) и возрасни на возраст од 30 до 55 (N=165) одат во слична насока. Пронајдено е дека 86% од возрасните се чувствуваат дека ја постигнале возрасноста во споредба со 46% млади возрасни и само 19% средношколци. Една третина од средношколците одговориле дека воопшто не се чувствуваат возрасно, во споредба со само 4% од младите возрасни и 2% од возрасните. И за средношколците (48%) и за младите возрасни (50%) најголемиот процент на одговори бил дека на некои начини се

чувствуваат возрасно, на некои не, за разлика од возрасните (12%) (Arnett, 2001). 29 Во студија на млади возрасни од 18 до 35 години (N-726) од САД, во согласност со претходните студии мнозинството од испитаниците (56,9%) се изјасниле дека донекаде се чувствуваат возрасни, а повозрасните испитаници имале значително повисоко субјективно чувство на возрасност (Lowe et al., 2013).

Спроведена е уште една американска студија (N=200) на млади возрасни од 18 до 28 години, во која им било поставено прашањето „Колку често се чувствувате како возрасен поединец?“ Според нивните одговори, постојано се чувствувале возрасно - 31% од младите на возраст од 18 до 20 години, 44% од младите на возраст од 21 до 24 години и 50% од младите над 25 години (Johnson, Berg & Sirotzki, 2007).

Студија на млади возрасни од 18 до 27 години во Чешка (N=436), покажува дека две третини од младите возрасни (64%) се чувствувале помеѓу статусите на адолесцент и на возрасен, 29% го постигнале чувството на возрасност и 7% воопшто не се чувствувале возрасно. Исто така, откриено е дека младите возрасни не биле емоционално стабилни, немале јасна идеа за иднината и животот на возрасна единка не им изгледал привлечен (Масек, Вејсек & Vamčkova, 2007). Во романско истражување на студенти (N=230) на возраст од 18 до 27 години, пронајдено е дека 40% одговориле потврдно во однос на чувството на постигаата возрасност, 10% одговориле одречно и 50% одговориле на некои начини потврдно, на некои одречно (Nelson, 2009).

Резултатите од истражувањето направено во Австрија (N=775, со 226 адолесценти на возраст од п до 19 години, 317 млади возрасни на возраст од 20 до 29 години и 232 возрасни на возраст од 30 до 55 години), покажуваат дека 8о% од возрасните, 38% од младите возрасни и 1б% од адолесцентите се чувствувале дека ја постигнале возрасноста; 63% од адолесцентите, 55% од младите возрасни

и 18% од возрасните се чувствувале дека на некои начини ја постигнале возрасноста, на некои не, а воопшто не се чувствувале возрасно 21% од адолесцентите, 7% од младите возрасни и 2% од возрасните (Sirsch et al., 2009).

Во компаративна студија спроведена со 210 австриски, 201 словенечки и 225 американски студенти на возраст од 18 до 27 години, побарано е да го рангираат степенот на нивната постигнатост на критериумите на возрасноста. Според резултатите, поголемиот дел од студентите се изјасниле дека според некои критериуми ја постигнале возрасноста, според некои не. Пронајдено е и дека студенти кои биле на поголема возраст имале исполнето повеќе критериуми на возрасноста. Дополнително наодите укажуваат дека, словенечките и австриските студенти се перципираат себеси во помал степен возрасни од американските (Zupančič et al., 2014).

Грчка студија на 183 студенти на возраст од 18 до 25 години, (49 машки и 134 женски), упатува на тоа дека повеќе од половината (59,3%) на некои начини се чувствуваат дека ја постигнале возрасноста, а на некои не, 37,7% веќе се чувствуваат возрасни и само 3% воопшто не се чувствуваат како возрасни единки. Кај повозрасните испитаници било поизразено чувството на постигната возрасност (Petrogiannis, 2011).

Наодите од студијата спроведена кај малезиски студенти во прва година (N=108), посочуваат дека 27,8% се чувствувале возрасно, додека 5,6% не се чувствувале како возрасни единки и 66,7% на некои начини се чувствувале возрасно, на некои не (Wider et al., 2015).

Резултатите од студија на млади возрасни на возраст од 17 до 29 години (N=400) спроведена во Данска укажуваат дека 27% од примерокот се чувствувале

потполно возрасни, 11% воопшто не се чувствувале возрасни и 62% на некои начини се чувствувале возрасни, на некои не. И во оваа студија, перцепциите на возрасноста биле значајно и позитивно поврзани со возраста, сугерирајќи на тоа дека со зголемување на возраста се зголемува чувството на постигната возрасност (Arnett & Padilla-Walker, 2015).

Во погоре споменатото истражување во Полска (N =684), на доцни адолесценти, млади возрасни и возрасни било побарано да го рангираат нивното чувство на возрасност на скала од о% до 100%. Резултатите 31 покажале дека доцните адолесценти се чувствуваат возрасно до ниво од 65%, нивото на младите возрасни е 73%, а на возрасните - 8о%, што открива дека дури и дел од припадниците на првата половина на четвртата декада, сѐ уште потполно не се перципираат себеси како возрасни (Oleszkowicz & Misztela, 2015)

На примерок на млади возрасни жени на возраст од 18 до 29 години, вработени во фабрика во Гуандонг (Кина), кои мигрирале од село во град (N=119), откриено е дека 52% се чувствувале на некои начини возрасни, на некои не, а 44% се чувствувале како возрасни единки. Жените кои биле во брак и/или имале деца се чувствувале како возрасни единки, без разлика на нивната возраст (Zhong & Arnett, 2014).

Од друга страна, наодите од истражување спроведено кај кинески студенти (N=207) одат во прилог на тоа дека 59% се чувствуваат дека го постигнале статусот на возрасен во нивните рани дваесетти години, а 35% се чувствувале „помеѓу“ (адолесценцијата и возрасноста) (Nelson, Badger & Wu, 2004). Компарацијата на истиот примерок на кинески студенти со примерок на американски студенти, покажува дека кинеските студенти се сметале за возрасни во поголема мера од американските, т.е. 66% од Американците се чувствувале на некои начини возрасно, на некои не (Badger, Nelson & Barry, 2006).

Во Индија, истражувањето кое вклучува 478 студенти и loo млади возрасни со завршено средно образование од 18 до 26 години, слично како во Кина, открива дека најголемиот дел од младите возрасни (61%) се чувствувале дека ја постигнале возрасноста (Seiter & Nelson, 2011).

Спроведени се и квалитативни студии кои се фокусираат на разбирање на начинот на кој периодот на настанувањето на возрасноста е доживеан. Во американска студија на студенти од 18 до 25 години (N=18), утврдени се два клучни домени: асоцијации на возрасност и соочување со предизвиците на возрасноста. Во првиот домен, општата категорија 32 (забележана кај сите испитаници) е вработување и кариерна истрајност, а типичните категории (кај мноштвото испитаници) се: грижа за семејство, одговорност, независност, стабилност и сериозност, прилагодливост, донесување одлуки. Во вториот домен се сместени типичните категории: барање начин на балансирање помеѓу постигнатата и непостигнатата возрасност и процес на формирање на идентитет и созревање (Lopez et al., 2005).

Во друга американска студија на млади возрасни од 18 до 25 години (N=15), откриени се четири теми: одговорност за себе; одговорност за други; саморегулација и одразувачки процени (Lowe et al., 2013). Спроведена е уште една американска студија кај студенти од 18 до 25 години (N=17). Податоците се групирани во две теми: независност наспроти одговорност кон други и животот дома наспроти животот надвор од родителскиот дом (Katsiaficas, Suârez-Orozco & Dias, 2014).

Во студијата на млади возрасни од 21 до 26 години од Израел (N=72), истражувачите истакнале два клучни домени: 1. развојни задачи на младите

возрасни; 2. независност и поврзаност со родителите. Во првиот домен се вклучени категориите: јасност на професионалниот интерес; подготовка за занимање; блискост со романтичен партнер и индивидуација во романтичните врски. Во вториот домен спаѓаат категориите: независно донесување одлуки; докажување; комуникација и емпатија (Shulman, et al., 2005).

Во студија на млади возрасни од Чешка (N=15, 8 женски, 7 машки), на возраст од 18 до 26 години, определени се две главни теми. Првата тема е чувствување „помеѓу“, втората гласи нови врски со родителите, а третата - можности, гледишта и истражување на идентитет (Масек, Вејček & Vaničkova, 2007).

Студијата спроведена кај млади возрасни од 19 до 27 години во Ирска (N=20) ги класифицира одговорите во четири главни теми: врски со родителите; начин на живеење; работа и финансии; развој на идентитет (Murphy, 2011).

Во бразилска студија на млади возрасни од 18 до 29 години (N=13), домените се насловени според димензиите на настанувањето на возрасноста. Во доменот чувствување „помеѓу“ содржани се категориите финансиска или емоционална зависност и отпор кон станување на возрасна единка. Во доменот истражување на идентитет се сместени категориите учество во различни активности; искусување различни работни искуства; променлив станбен статус и истражување во љубовта. Третиот домен - нестабилност ја вклучува категоријата несигурност околу образовната насока, работата, напуштање на родителскиот дом, остварување на плановите и очекувањата на семејството. Доменот фокусираност на други се состои од категориите придонес со финансиска помош и поддршка на семејни членови; вложување во подобрување на заедницата и посветеност на работа. Доменот можности ги содржи категориите оптимизам и уживање во слободата. Последниот домен фокусираност на себеси се состои од категориите конкретизирање на плановите и избори базирани на идентитетот (Dutra-Thomé, 2013).

Во претходно споменатата студија на млади работнички во фабрика во Кина, кои мигрирале од село во град (N=119), резултатите од квалитативниот истражувачки дел, укажуваат дека погледите на испитаничките околу возрасноста би можеле да се класифицираат во четири главни домени: водење грижа за целото семејство - семејни капацитети, зголемена обsирност кон други - релациона зрелост, транзиции кон улоги на возрасноста и стекнување независност - индивидуализам (Zhong & Arnett, 2014).

Во студија спроведена во Турција со млади возрасни на возраст од 20 до 31 година (N=41, 20 машки, 21 женски) од рурални и урбани средини, преку тематска анализа пронајдени се три меѓусебно поврзани генерални теми. Првата тема е перципирана возрасност. Мноштвото испитаници од руралните средини изјавиле дека се чувствуваат возрасно (69,2%). Од урбаните средини возрасно се чувствувале 43,8%, а 43,8% се изјасниле дека на некои начини се чувствуваат возрасни, на некои не и 12,5% воопшто не се чувствувале како возрасни единки. Втората тема е 34 критериуми за возрасност. Биле идентификувани пет главни критериуми од одговорите на испитаниците: биолошки и хронолошки особини; транзиции на улоги - брак, работа, родителство; способност за водење домаќинство; бихевиорална зрелост и воена служба. Третата тема е главните животни одлуки. Најголемиот број на испитаници и од руралните и од урбаните средини се изјасниле дека ги донеле важните одлуки, како комплетирање на образованието, продолжување или откажување од студиите, свршувачка, брак и живеалипгге (Çok & Atak, 2015).

Голем број истражувања и прегледи на студии ги проучуваат карактеристиките на периодот на настанувањето на возрасноста и процесот на постигнувањето на возрасноста. Истражувањата главно укажуваат дека со зголемувањето на возраста, се намалува интензитетот на истражувањето на идентитет, експериментирањето и фокусираноста на себеси, а во преден план доаѓа посветувањето на други, односно интеграцијата на идентитетот. Некои

истражувања посочуваат дека жените порано го појавуваат чувството на постигната возрасност. Според наодите од квалитативните студии, развојните задачи за младите во периодот на настанувањето на возрасноста се: откривање на идентитетот, осамостојување од родителите, прифаќање одговорност, донесување одлуки и психосоцијално созревање

II. Методологија на истражувањето

1. Предмет на истражувањето

Во ова истражување ќе се проверува поврзаноста помеѓу приврзаноста за родителите и врсниците и перцепираното искуство во рана возрасна доба. Исто така ќе се проверува корелацијата помеѓу приврзаноста за родителите и врсниците со нивото на депресивност. Воедно и ќе се провери дали има разлики во овие три сегменти помеѓу испитаниците од различен пол.

2. Цел и карактер на истражувањето

Целта на истражувањето е да се дојде до податоци дали и каква поврзаност има помеѓу приврзаноста за родителите и врсниците и перцепираното искуство во рана возрасна доба, како и нивото на депресивност во корелација со нив. Истражувања за овие теми има релативно малку, како и собрани податоци, така да ќе биде од корист да се покаже дали и каква е поврзаноста и дали има разлики во однос на полот.

Истражувањето ќе биде од квантитативен вид и карактер.

3. Задачи на истражувањето

Задачите на истражувањето се:

- да се докаже позитивна поврзаност помеѓу приврзаноста за родителите и врсниците и позитивното перцепирано искуство во рана возрасна доба
- да се докаже позитивна поврзаност помеѓу отуѓеноста од родителит,е и врсниците и негативното перцепирано искуство во рана возрасна доба,
- да се докаже негативна поврзаност помеѓу приврзаноста и депресивноста,
- да се докаже негативна поврзаност помеѓу отуѓеноста и депресивноста,
- да се проверат разликите врз основа на пол за приврзаноста за родители и врсници, перцепирано рано искуство и ниво на депресивност.

4. Хипотези

Врз основа на проучената литература која го третира односот помеѓу приврзаноста за родителите и за врсниците и перципирано искуство во рана возрасна доба, хипотезите кои се испитуваат во ова истражување се:

1. Со менување на приврзаноста со родителите се менува доживувањето на различните искуства во раната возрасна доба.

1.1. Со зголемување на приврзаноста со родителите се зголемуваат позитивните искуства во раната возрасна доба и

1.2. Со намалување на приврзаноста со родителите се зголемуваат негативните искуства во раната возрасна доба.

2. Со менување на приврзаноста со врсниците се менува и доживувањето на различните искуства во раната возрасна доба,

2.1. Со зголемување на приврзаноста со врсниците се зголемуваат и позитивните искуства во раната возрасна доба.

2.2.Со намалување на приврзаноста с. врсниците се зголемуваат и негативните искуства во раната возрасна доба.

3. Со менување на приврзаноста со родителите се менува и нивото на депресивност

3.1. Со зголемување на приврзаноста со родителите се намалува нивото на депресивност и

3.2. Со намалување на приврзаноста со родителите се зголемува нивото на депресивност.

4. Со менување на приврзаноста со врсниците се менува и нивото на депресивност

4.1. Со зголемување на приврзаноста со врсниците се намалува нивото на депресивност и

4.2. Со намалување на приврзаноста со врсниците се зголемува нивото на депресивност.

5. Постојат разлики во приврзаноста со родителите помеѓу испитаниците од машки и женски пол.

6. Постојат разлики во приврзаноста со врсниците помеѓу испитаниците од машки и женски пол и

7. Постојат разлики во нивото на депресивност помеѓу испитаниците од машки и женски пол.

5. Варијабли во истражувањето

Независна варијабла е приврзаноста со родителите и врсниците. Зависни варијабли се перцепираното искуство во рана возрасна доба и нивото на депресивност. Релевантна варијабла е полот.

6.Методи, техники и инструменти на истражувањето

Испитаници

За потребите на ова истражување беше користен верижен примерок (примерок на „снежна топка“) од потенцијални испитаници онлајн. Главниот критериум за учество во истражувањето беше возрасната граница која се движеше од 16 до 24 години.

Учествуваа вкупно N=101 испитаници, од кои n=68 се од женски пол, а останатите (n=33) се од машки пол. Исто така, n=76 од испитаниците беа во возрасната рамка од 19 до 24 години, додека останатите (n=25) се во возрасната рамка од 16 до 18 години.

Мерни инструменти

За потребите на истражувањето беа користени три мерни инструменти.

Инвентарот на приврзаност со родители и врсници (IPPA, Armsden & Greenberg, 1987) е креиран со цел да ги процени перцепциите на адолесцентите и младите возрасни во врска со односите со нивните родители и врсници. Тој е составен од два дела: приврзаност за родители, што содржи 28 прашања, и приврзаност за врсници што содржи 25 прашања. Иако, IPPA низ годините е подлегнат на неколку промени и верзии (посебно за двајцата родители, наместо заеднички скор), сепак за целта на ова истражување е користена оригиналната верзија. Се користеше верзија преведена од англиски јазик на македонски од страна на истражувачот.

Најнискиот скор, кој теориски може да се добие на IPPA е 28 за приврзаноста со родителите, а 25 за приврзаноста со родителите, додека највисокиот можен скор е

140 за родители, а 125 за врсници. Повисокиот скор значи поголема приврзаност за родители или за врсници, додека понискот скор значи оддалеченост или отуѓеност. IPPA содржи три супскали:

1. *доверба,* застапена со по 10 тврдења и во двата дела (родители и врсници)
2. *комуникација,* застапена со 10 тврдења во делот за родители, и 8 тврдења во делот за врсници и
3. *отуѓеност,* застапена со 8 тврдења во делот за родители, и 7 тврдења во делот за врсници.

Внатрешната конзистентност на двата дела варира од 0.87 до 0.93 кај приврзаноста за родителите, и од 0.86 до 0.92 кај приврзаноста за врсници, додека вкупната внатрешна конзистентност за целиот инструмент е околу 0.89, а во повеќето истражувања, оваа бројка е стабилна за различни возрасни групи, полови и земји, без поголеми разлики помеѓу групите.

Испитаниците на IPPA одговараат со одбирање на степенот на согласување со секое поединечно тврдење од петтостепена скала од Ликертов тип. При тоа, бројот 1 означува „Воопшто не се согласувам“, бројот 2 „Делумно не се согласувам“, бројот 3 „Не сум сигурен/на“, бројот 4 „Делумно се согласувам“ и бројот 5 „Целосно се согласувам“. Исто така, да се напомене дека супскалата „отуѓеност“ е обратно скорувана.

Инвентарот на димензии на раната возрасна доба (IDEA, Reifman, A., Arnett, J. J., & Colwell, M. J., 2007) е креиран за да ги процени различните аспекти идентификувани како описни за процесот на станување возрасен, којшто е базиран врз преелиминарното истражување на Arnett (2000). Инвентарот содржи 31 тврдење, поделени во шест супскали, или димензии на раната возрасна доба. За целта на истражувањето е користена оригиналната верзија на инвентарот (Reifman et al., 2007). Се користеше верзија преведена од англиски јазик на македонски од страна на истражувачот.

Најнискиот скор, кој теориски може да се добие е 31, додека највисокиот е 124. IDEA содржи 6 супскали (димензии), од кои 2 се сметаат за негативни (негативност/нестабилност и чувство „помеѓу“), а останатите 4 се сметаат за позитивни. Димензиите се:

1. *Експлорација на идентитет,* застапена со 7, тврдења чија внатрешна конзистентност варира од 0.72 до 0.85
2. *Експериментирање/Можности,* застапена со5 тврдења чија внатрешна конзистентност варира од 0.76 до 0.81,
3. *Негативност/Нестабилност,* застапена со 7 тврдења чија внатрешна конзистентност варира од 0.69 до 0.72,
4. *Фокусираност на други,* застапена со 3 тврдења чија внатрешна конзистентност варира од 0.63 до 0.64,
5. *Фокусираност на себе,* застапена со 6 тврдења чија внатрешна конзистентност варира од 0.65 до 0.77 и
6. *Чувство „помеѓу“,* застапена со 3 тврдења чија внатрешна конзистентност варира од 0.73 до 0.77.

Со ова, IDEA е релијабилна мерка за мерење на димензиите на раната возрасна доба (Reifman et al. 2007; Van Dulmen & Goncy, under review).

Испитаниците на IDEA одговараат со одбирање на степенот на согласување со секое поединечно тврдење од четиристепена скала од Ликертов тип. При тоа, бројот 1 означува „потполно не се согласувам“, бројот 2 „малку не се согласувам“, бројот 3 „малку се согласувам“, и бројот 4 „потполно се согласувам.

Третиот инструмент е тестот за депресија на Ivan Goldberg, M.D. Тестот е во оригиналната верзија, достапна онлајн. Преведен е од страна на истражувачот. Содржи 18 тврдења на скала од Ликертов тип. Се собираат скоровите и се оценува нивото на депресивност.

Постапка

Истражувањето беше спроведено во месец Август, 2020-та година и се состоеше од онлајн формулар за пополнување на инструментите кој се шириле по методологијата на „снежна топка“.

Онлајн формата беше изработена преку Google Forms. Линк до истата беше **објавен** на личниот профил на истражувачот, од каде што беше споделен во 10тина групи со потенцијални испитаници. Дополнително, линкот беше споделен на уште 8 индивидуални профили. На самиот почеток од онлајн формата беше накратко објаснета целта на истражувањето, а просечното време за пополнување на инструментите беше околку 12 минути.

7. Резултати

Анализата се вршеше на одговорите на N=101 испитаници кои учествааа во истражувањето. Од нив n=33 се од машки пол, а останатите (n=68) се од женски пол. Дополнително, n=76 од испитаниците се во интервал од 19 до 24 години, додека останатите (n=25) се во интервал од 16 до 18 години.

Во однос на варијаблата приврзаност за родители во целина, аритметичката средина изнесува M=110.23, а стандардното отстапување изнесува SD=19.649. Опсегот на скорови се движи од 43 до 140.За компонентата доверба, аритметичката средина изнесува M=42.41 , а стандардното отстапување SD=5.862. Опсегот на скорови се движи од 19 до 50. За компонентата комуникација, аритметичката средина изнесува M=38.28, а стандардното отстапување SD=8.379. Опсегот на скорови се движи од 15 до 50. За компонентата отуѓеност, аритметичката средина изнесува M=29.54, а стандардното отстапување SD=7.082. Опсегот на скорови се движи од 8 до 40.

Во однос на варијаблата приврзаност за врсници во целина, аритметичката средина изнесува M=100.71, а стандардното отстапување SD=13.286. Опсегот на скорови се движи од 46 до 125. За компонентата доверба, аритметичката средина изнесува M=43.43, а стандардното отстапување SD=5.649. Опсегот на скорови се движи од 12 до 50. За компонентата комуникација, аритметичката средина

изнесува M=32.38, а стандардното отстапување SD=5.323. Опсегот на скорови се движи од 13 до 40. За компонентата отуѓеност, аритметичката средина изнесува M=24.91, а стандардното отстапување SD=4.470. Опсегот на скорови се движи од 10 до 35.

Кога станува збор за димензиите на рана возрасна доба, од шесте компоненти на инвентарот за димензиите на раната возрасна доба се добиени следните резултати: за првата компонента, експлорација на идентитет, аритметичката средина изнесува M=24.62, стандардното отстапување е SD=3.174, а опсегот на скорови се движи од 11 до 28; за втората компонента, експериментирање/можности, аритметичката средина изнесува M=17.71, стандардното отстапување е SD=2.422, а опсегот на скорови се движи од 9 до 20; за третата компонента, негативност/нестабилност, аритметичката средина изнесува M=21.67, стандардното отстапување е SD=4.084, а опсегот на скоровите се движи од 12 до 28; за четвртата компонента, фокусираност на други, аритметичката средина изнесува M=7.62, стандардното отстапување е SD=2.024, а опсегот на скоровите се движи од 3 до 12; за петтата компонента, фокусираност на себе, аритметичката средина изнесува M=20.29, стандардното отстапување е SD=2.984, а опсегот на скоровите се движи од 11 до 24; за последната,шеста компонента, чувство „помеѓу“, аритметичката средина изнесува M=10.75, стандардното отстапување е SD=1.571, а опсегот на скорови се движи од 3 до 12. Во Табела 1 се дадени дескриптивните статистици за сите варијабли.

Табела 1. *Дескриптивни статистици за варијаблите приврзаност за родителите и врсниците, димензиите на рана возрасна добаи нивните компоненти* (N=101)

Варијабла	**Min.**	**Max.**	**M**	**SD**
Доверба(родители)	19	50	42.41	5.862
Комуникација(родители)	15	50	38.28	8.379
Отуѓеност(родители)	8	40	29.54	7.082
Родители-вкупно	43	140	110.23	19.649

Доверба(врсници)	12	50	43.43	5.649
Комуникација(врсници)	13	40	32.38	5.323
Отуѓеност(врсници)	10	35	24.91	4.470
Врсници-вкупно	46	125	100.71	13.286
Експлорација на идентитет	11	28	24.62	3.174
Експериментирање/Можности	9	20	17.71	2.422
Негативност/Нестабилност	12	28	21.67	4.084
Фокусираност на други	3	12	7.62	2.024
Фокусираност на себе	11	24	20.29	2.984
Чувство „помеѓу“	3	12	10.75	1.571

Во врска со Нивото на Депресивност кое беше мерено преку 18 тврдења, резултатите се следниве: Аритметичката средина е 1.975 а стандарното отстапување е SD=1.591. Во прилог е дескриптивната табела за Нивото на Депресивност.

Табела 2. *Дескриптивни статистици за Нивото на депресивност преку 18те тврдења на тестот*(N=101)

Ајтем	M	SD	N
1	2.27	1.6	101
2	1.65	1.49	101
3	2.35	1.46	101
4	2.57	1.54	101
5	2.28	1.53	101
6	2.43	1.58	101
7	2.16	1.64	101
8	2.44	1.6	101
9	2.19	1.61	101
10	1.56	1.67	101
11	2.03	1.64	101
12	1.73	1.58	101
13	1.23	1.55	101
14	1.44	1.58	101
15	1.95	1.68	101
16	2.23	1.64	101
17	1.28	1.54	101
18	1.76	1.71	101

Првите четири хипотези на истражувањето, за корелацијата помеѓу приврзаноста за родителите и врсниците и перципираното искуство во раната возрасна доба, како и за нивото на депресивност, беа проверувани на ниво на цел примерок преку анализа на двонасочни корелации.

Резултатите од анализата на односот помеѓу приврзаноста за родителите како целина и димензиите на раната возрасна доба **ги потврдуваат хипотезите** дека постои позитивна поврзаност на приврзаноста со позитивните димензии на раната возрасна доба и обратно. Постојат значајни корелации помеѓу приврзаноста за родителите како целина со експлорација на идентитет (r=0.238, p=0.001), негативност/нестабилност (r=-0.349, p=0.000), фокусираност на себе (r=0.198, p=0.042). Исто така, според резултатите, иако не е значајна, има позитивна корелација на приврзаноста и со другите две позитивни димензии на раната возрасна доба, фокусираност на други (r=0.139, p=0.165), и експериментирање/можности (r=0.067, p=0.503), а негативна корелација со негативната димензија-чувство„помеѓу“ (r=-0.150, p=0.135). Исто така, постојат

значајни корелации помеѓу довербата во родителите со негативност/нестабилност (r=-0.354, p=0.000), и фокусираност на себе (r=0.243, p=0.001). Компонентата комуникација е во значајни корелација со експлорација на идентитет (r=0.325, p=0.000), негативност/нестабилност (r=-0.268, p=0.007), и фокусираност на други (r=0.209, p=0.004). Постои и значајна негативна корелација помеѓу компонентата отуѓеност со негативност/нестабилност (r=-0.357, p=0.000). Сите корелации помеѓу трите компоненти на приврзаноста со родителите и шестте димензии на раната возрасна доба се прикажани во Табела 3.

Табела 3. Корелации помеѓу приврзаноста за родителите и димензиите на раната возрасна доба

	Доверба во родители	**Комуникација со родители**	**Отуѓеност со родители**	**Приврзаност за родители (вкупно)**
Експлорација на идентитет	r=0.157* p=0.031	r=0.325** p=0.000	r=0.086 p=0.241	r=0.238** p=0.001
Експериментирање/ Можности	r=0.146* p=0.046	r=0.079 p=0.433	r=-0.022 p=0.830	r=0.067 p=0.503
Негативност/ Нестабилност	r=-o.354** p=0.000	r=-0.268** p=0.007	r=-0.357** p=0.000	r=-0.349** p=0.000
Фокусираност на други	r=0.122 p=0.095	r=0.209** p=0.004	r=0.083 p=0.410	r=0.139 p=0.165
Фокусираност на себе	r=0.243** p=0.001	r=0.111 p=0.130	r=-0.156* p=0.033	r=0.198* p=0.042
Чувство „помеѓу“	r=-0.197* p=0.048	r=-0.013 p=0.898	r=-0.237* p=0.017	r=-0.150 p=0.135

Резултатите од анализата на односот помеѓу приврзаноста за врсниците како целина и димензиите на раната возрасна доба **ги потврдуваат хипотезите** дека постои позитивна поврзаност на приврзаноста со позитивните димензии на раната возрасна доба и обратно.Постојат значајни корелации помеѓу приврзаноста за врсниците како целина со експлорација на идентитет (r=0.146* p=0.047), експериментирање/можности (r=0.198*, p=0.047), негативност/нестабилност (r=-o.299** p=0.002), и со фокусираност на други (r=0.155*, p=0.034). Исто така, иако не се значајни, има позитивна корелација со фокусираност на себе (r=0.148, p=0.139), а негативна корелација со чувство „помеѓу“ (r=-0.097, p=0.335). Постои и

	Доверба во врсници	**Комуникација со врсници**	**Отуѓеност со врсници**	**Приврзаност за врсници (вкупно)**

значајна корелација помеѓу супскалата доверба со фокусираност на други (r=0.194**, p=0.008). Понатаму, има значајни корелации помеѓу комуникација и експлорација на идентитет (r= 0.193**, p=0.008), и експериментирање/можности (r=0.305**, p=0.002). Значајна корелација има и помеѓу отуѓеноста и негативност/нестабилност (r=-435, p=0.000). Треба да се напомене дека постојат и значајни негативни корелации помеѓу довербата и негативност/нестабилност (r=-0.227*, p=0.022), како

и помеѓу отуѓеноста и чувството „помеѓу“ (r=-0.242, p=0.015).

Сите корелации помеѓу трите компоненти на приврзаноста со врсниците и шестте димензии на раната возрасна доба се прикажанина следната страна во Табела 4.

Табела 4. Корелации помеѓу приврзаноста за врсниците и шесте димензии на раната возрасна доба

Експлорација на идентитет	r=0.142 p=0.053	r=0.193** p=0.008	r=0.047 p=0.520	r=0.146* p=0.047
Експериментирање/ Можности	r=0.208* p=0.037	r=0.305** p=o.oo2	r=-0.036 p=0.723	r=0.198* p=0.047
Негативност/ Нестабилност	r=-0.227* p=0.022	r=-0.141 p=o.160	r=-0.435** p=0.000	r=-0.299** p=0.002
Фокусираност на други	r=0.194** p=0.008	r=0.112 p=0.129	r=0.075 p=0.305	r=0.155* p=0.034
Фокусираност на себе	r=0.134 p=0.180	r= 0.216* p=0.030	r=0.013 p=0.896	r=0.148 p=0.139
Чувство „помеѓу“	r=-0.085 p=0.398	r=0.052 p=0.606	r=-0.242* p=0.015	r=-0.097 p=0.335

Во врска со третата хипотеза (Со менување на приврзаноста со родителите се менува и нивото на депресивност),се потврдија двете потхипотези дека приврзаноста со родителите и нивото на депресивност взаемно корелираат. Во однос на тоа, се покажа позитивна корелација помеѓу категориите Доверба и Комуникација со нивото на депресивност, што го докажува тврдењето дека со зголемување на довербата и комуникацијата со родителите се намалува нивото на депресивност, додека со категоријата отуѓеност исто така има корелација, но негативна, што значи дека со намалување на отуѓеноста се намалува и нивото на депресивност кај испитаниците. Во прилог е табелата со резултатите.

Табела 5. Корелации помеѓу приврзаноста за родителите и нивото на депресивност

	Доверба	Комуникација	Отуѓеност	Вкупно Приврзаност

Ниво на депресивнност	0.219* 0.28	0,650** 0,000	-0,421** 0,000	0,43** 0,000

*Корелацијата е статистички значајна на ниво 0,05

**Корелацијата е статистички значајна на ниво 0,01

Четвртата хипотеза покажа дека се потврдуваат двете потхипотези, исто така, дека приврзаноста со врсниците и нивото на депресивност взаемно корелираат. Во однос на тоа, се покажа позитивна корелација помеѓу категориите Доверба и Комуникација со нивото на депресивност, што го докажува тврдењето дека со зголемување на довербата и комуникацијата со врсниците се намалува нивото на депресивност. Додека пак, со категоријата Отуѓеност исто така постои корелација, но негативна, што значи дека со намалување на отуѓеноста се намалува и нивото на депресивност кај испитаниците. Во прилог е табелата со резултатите.

Табела 6. Корелации помеѓу приврзаноста за врсниците и нивото на депресивност

	Доверба	Комуникација	Отуѓеност	Вкупно Приврзаност
Ниво на депресивнност	0,127 0,208	0,396** 0,000	-0,264** 0,000	0,262** 0,008

*Корелацијата е статистички значајна на ниво 0,05

**Корелацијата е статистички значајна на ниво 0,01

За проверка на петтата (Постојат разлики во приврзаноста со родителите помеѓу испитаниците од машки и женски пол), шестата (Постојат разлики во приврзаноста со врсниците помеѓу испитаниците од машки и женски пол),и седмата хипотеза (Постојат разлики во нивото на депресивност помеѓу испитаниците од машки и

женски пол), беше употребена статистичката постапка t-тест за независни примероци, за да се провери дали постојат разлики помеѓу различните групи испитаници (пол и возраст).

Во однос на петтата хипотеза (Постојат разлики во приврзаноста со родителите помеѓу испитаниците од машки и женски пол), t-тестот покажа дека **нема статистички значајни разлики** во приврзаноста за родителите помеѓу испитаниците од машки и од женски пол (t= -0.199; p=0.843). Оттука може да се заклучи дека хипотеза 5**не се потврдува**. Резултатите се прикажани во Табела 7.

При проверка на шестата хипотеза (Постојат разлики во приврзаноста со врсниците помеѓу испитаниците од машки и женски пол), t-тестот покажа дека **постојат статистички значајни разлики** на ниво 0.01 во приврзаноста за врсниците помеѓу испитаниците од машки и од женски на пол (t= 2.656; p=0.009). Резултатите покажаа дека испитаниците од женски пол имаат поголема приврзаност за врсниците, отколку испитаниците од машки пол. Оттука може да се заклучи дека хипотеза 6**се потврдува**. Во Табела 8 се дадени разликите помеѓу овие две групи.

Табела 7. *Разлики во приврзаноста за родителите помеѓу испитаниците од машки и испитаниците од женски пол*

	N	**M**	**SD**	**df**	**t**	**p**
Испитаници од машки пол	33	109.67	15.731	99	-0.199	0.843
Испитаници од женски пол	68	110.50	21.396			

Табела 8. *Разлики во приврзаноста за врсниците помеѓу испитаниците од машки пол и испитаниците од женски пол*

	N	**M**	**SD**	**df**	**t**	**p**
Испитаници од машки пол	33	95.82	13.171	99	2.656	0.009
Испитаници од женски пол	68	103.09	12.771			

Седмата хипотеза (Постојат разлики во нивото на депресивност помеѓу испитаниците од машки и женски пол), на t-тестот покажа дека **нема статистички значајни разлики** во нивото на депресивност помеѓу испитаниците од машки и од женски пол (t= -0.199; p=0.843). Оттука може да се заклучи дека хипотеза 7**не се потврдува**. Резултатите се прикажани во Табела 9.

Табела 9.*Разлики во нивото на депресивност помеѓу испитаниците од машки пол и испитаниците од женски пол*

	N	**M**	**SD**	**df**	**t**	**p**
Испитаници од машки пол	33	2.169	1.489	99	0.833	0.4069
Испитаници од женски пол	68	1.881	1.693			

8. ДИСКУСИЈА

Главната цел на ова истражување беше проверка на поврзаноста на приврзаноста за родителите и врсниците со димензиите на рана возрасна доба: експлорација на идентитет, експериментирање/можности, негативност/нестабилност, фокусираност на други, фокусираност на себе, и чувство„помеѓу“.

Се покажа дека и приврзаноста за родителите и за врсниците корелираат со димензиите на раната возрасна доба онака како што беше претпоставено.

Се докажа дека високите нивоа на приврзаност позитивно корелираат со позитивните димензии на раната возрасна доба, а негативните димензии негативно корелираат со приврзаноста и со родителите и со врсниците. Тоа значи

дека, што поголема и поквалитетна приврзаност тоа попозитивно се перципира раната возрасна доба кај младите возрасни.

Во раната возрасна доба индивидуата мора да научи како да создаде интимни односи во пријателството и во љубовта. Развојот на оваа вештина зависи од решавањето на другите фази. Доколку некој не развие доверба или чувство на идентитет, може да биде тешко да се воспостави интимност. Ако оваа вештина не е научена, алтернативата е отуѓување, издвоеност, страв од обврска и неможноста да се биде независен. Тоа што резултатите покажаа дека сигурната приврзаност позитивно корелира со позитивните искуства на раната возрасна доба, демонстрира дека родителите и врсниците континуирано служат како важни ентитети во животот на младите возрасни. Со тоа, довербата помеѓу младите возрасни и родителите од една, и врсниците од друга страна, е централно прашање на ова истражување. Како што кажале Армсден и Гринберг (Armsden & Greenberg, 1987), довербата е „почувствувана сигурност“ од страна на младите возрасни, а обезбедена од нивните атачмент фигури. Неуспехот да се има взаемна реакција ќе доведе до неуспех во себеоткривањето, што претставува фундаментален елемент на градењето врски. Така, младите возрасни мора да добијат чувство на почит и разбирање од страна на родителите и врсниците со цел да можат да ги извршат неопходните развојни задачи.

Во врска со приврзаноста за родителите, резултатите покажаа дека има позитивни корелации со две позитивни димензии, експлорација на идентитет и фокусираност на себе, додека негативна корелација, и тоа доста значајна, со негативност/нестабилност.

За другите три димензии не се пронајдени значајни корелации, меѓутоа трендот приврзаноста позитивно да корелира со позитивните димензии и негативно, со негативните, е задржан. Тоа значи дека колку што приврзаноста е поголема, толку негативноста и нестабилноста се намалуваат, односно сигурно приврзаните индивидуи, може да се каже дека имаат одредена стабилност, не чувствуваат негативнот, додека во исто време можат да се посветат на себеси и да се посветат да се пронајдат себеси и својот иденитет.

Резултатите покажаа доста висока просечна привржаност за родителите, со што може да се каже дека претпоставките дека после јавувањето на оттуѓување во адолесенцијата, блискоста и стабилноста повторно се враќа со родителите, кои што играат клучна улога за стабилноста во ова, сепак, турбулентно време. Чувството на сигурност што родителите го пружаат раѓа слобода и смелост за истражување и посветување на себеси. Само преку сигурна привржаност, тоа е возможно. Поврзано со ова, се намалува нестабилноста и се раѓа можност за нови, здрави врски, со акцент на романтичните врски, кои што се во центарот на раната и средната возрасна доба.

Овие резултати ги потврдуваат и претходните претпоставки на психолозите дека привржаноста за родителите го подобрува перципираното искусво во раната возрасна доба и ги намалува негативните искуства.

Исто така, вреди да се напомене дека довербата во родителите корелира со сите димензии, освен една (фокусираност на други) и тоа позитивно со сите позитивни димензии, а има доста висока негативна корелација со двете негативни димензии-негативност/нестабилност и чувство „помеѓу“.

Во продолжение, претпоставката дека отуѓеноста влијае врз негативните димензии, исто така се докажа. Резултатите покажаа корелација помеѓу отуѓеноста и негативност/нестабилност и чувство „помеѓу“, од кои со првата, се покажа највисока корелација од сите испитувани корелации. Ова значи дека што помала е перципираната отуѓеност со родителите или што поголема е блискоста, тоа пониски се скоровите за негативност/нестабилност и чувство „помеѓу“. Оние што се чувствуваат блиски со родителите, искусуваат помала нестабилност, повеќе си го имаат пронајдено „местото“ и полесно можат да се дефинираат себеси. Доколку индивидуите не ја вратиле во нормала врската со родителите, која што доживува искушенија во адолесенцијата, честите конфликти, чувството на недоверба, честите фрустрации, недоволната комуникација, доведуваат до помала самодоверба кај младите возрасни во период кога им е најпотребна. Тоа доведува до нестабилност, чести преиспитувања и недостаток на храброст да се експериментира и да се тргне во потрага по себеси. Оттука, резултатите го

сугерираат токму тоа. Иако се испитува приврзаноста за родителите во раната возрасна доба, треба да се гледа и уште порано во некоја од развојните фази. Секој проблем има своја позадина, а комплексноста и динамиката на врските покажуваат дека проблемите, доколку не се разрешат, само се продлабочуваат од фаза во фаза, што носи тешки негативни последици за психофизичкото здравје на индивидуата и за квалитетот на новонастанатите врски.

Кај приврзаноста за врсниците, исто така, се покажа претпоставената хипотеза за точна. Приврзаноста за врсниците корелира позитивно со позитивните димензии (освен една), а негативно со негативните(исто така, освен со една). Од она што може да се издвои, приврзаноста за врсниците доста силно негативно корелира со негативност/нестабилност димензијата, а тоа, како кај приврзаноста за родителите, значи дека колку е повисока приврзаноста, толку негативноста и нестабилноста се намалуваат. Како што претходно беше напоменато и потврдено во други истражувања, и во ова се докажа за точна претпоставката дека сигурниот атачмент носи поголема стабилност, и попозитивни перцепции за себеси. Најголема корелација постои помеѓу димензијата негативност/нестабилност и компонентата отуѓеност, како и што беше претпоставено. Со ова, се потврдуваат наодите дека блискоста со врсниците вродува со позитивизам и поголема стабилност.

Треба да се напомене и дека довербата во врсниците позитивно корелира со фокусираноста на други, што би значело дека оние индивидуи со повисока доверба, и генерално, повисока приврзаност, повеќе мислат и се грижат за другите.

Интересно е да се напомене и дека приврзаноста за родителите и приврзаноста за врсниците корелираат меѓу себе, и се покажа дека испитаниците кои се високо приврзани за родителите се и високо приврзани за врсниците, и обратно.

Како резиме за односите помеѓу приврзаноста и димензиите на раната возрасна доба, може да се каже дека се добија слични резултати помеѓу приврзаноста за родителите и приврзаноста за врсниците. Сите значајни корелации се во склоп на она што беше предвидено, дека високата приврзаност позитивно ќе корелира со

позитивните димензии и искуства, додека ниската приврзаност негативно ќе корелира со негативните димензии и искуства. Со ова, може да се каже дека претходно поставените хипотези околу односот помеѓу приврзаноста и раната возрасна доба, се потврдуваат. Исто така, резултатите од истражувањето се во рамките на претходните истражувања и претпоставките на многу психолози дека позитивниот атачмент носи позитивни чувства и состојби во раната возрасна доба.

Третата (Со менување на приврзаноста со родителите се менува и нивото на депресивност), и четврата (Со менување на приврзаноста со врсниците се менува и нивото на депресивност) хипотеза покажаа значителна корелација помеѓу приврзаноста со родителите и врсниците и нивото на депресивност, како и што беше очекувано. Едноставно, многу истражуњана имаат потврдено дека со подобра комуникација, помала отуѓеност и поголема доверба во луѓето во поблиското социјално опкружување го намалува нивото на депресивност, генерално. Тоа е така бидејќи поддршката која ја даваат родителите и врсниците или друштвото ги прави на индивидуите да се чувствуваат поприфатено, да припаѓаат, да емпатизираат со други, да делат грижи, тајни и проблеми, кои допринесуваат за генерално намалување на перцепираното ниво на депресивност. Сепак, луѓето се социјани битија и како такви имаат константна потреба за социјализација. Доколку постои здрав атачмент со родителите и врсниците, и задоволството од себеси е зголемено, како и целокупната слика за себе. Со тоа, со сигурност, според резултатите, може да се каже дека третата и четвртата хипотеза се потврдуваат.

Во врска со петтата хипотеза (Постојат разлики во приврзаноста со родителите помеѓу испитаниците од машки и женски пол) се покажа дека нема значителни разлики помеѓу испитаниците од различен пол со приврзаноста за родителите. Како резиме, петтата хипотеза не се потврдува.

За шестата хипотеза (Постојат разлики во приврзаноста со врсниците помеѓу испитаниците од машки и женски пол) се покажа дека постојат разлики во

приврзаноста за врсниците. Како што претходно беше напоменато, се покажа дека испитаниците од женски пол имаат поблиска врска со своите врсници, и покажуваат поголема приврзаност од испитаниците од машки пол. Ова е покажано и во претходни истражувања, и со тоа може да се каже дека испитаничките перципираат или демонстрираат поголемо ниво на приврзаност. Од претходните наоди, во раната возрасна доба, но и во адолесенцијата, се чини дека девојките формираат поблиски врски меѓусебно. Имаат тенденција повеќе да споделуваат тајни, лични информации и слично, со што се добива впечаток дека се поприврзани. Но, тоа може да значи и дека им е полесно да ги изразат чувствата или претерано да нагласат позитвни аспекти во врска со нивните пријателки, што може погрешно да се протолкува како поголема приврзаност. Како и да е, резултатите ги потврдуваат наодите и шестата хипотеза се потврдува.

Седмата хипотеза (Постојат разлики во нивото на депресивност помеѓу испитаниците од машки и женски пол) покажа дека нема значителни разлики помеѓу испитаниците од различен пол со нивото на депресивност. Како резиме, седмата хипотеза не се потврдува.

Главните **методолошки недостатоци на истражувањето**се поделени во три групи.

Првата група, во врска со прибирањето податоци. Онлајн анкетата, можеби спречува да има непотполни одговори и е доста брза и економична, сепак има свои недостатоци. Прво, истражувачот не може да се увери дека личноста што одговара всушност ги исполнува критериумите и дава вистинити одговори. Второ, личноста може многу лесно да одговара неискрено или онака како што ќе ѝдојде, без да го чувствува притисокот на истражувачот. Трето, вербалното објаснување и одговарање на некои нејаснотии, кај онлајн анкетирањето не може да постои и затоа може да дојде до недоразбирање.

Втората група на недостатоци е во врска со бројот на испитаници и начиност на селектирање иситаниците. Прво, сепак бројот на испитаници е мал и не може да ја претставува целата популација. Со тоа, наодите не можат да се

генерализираат. Би било убаво да има можност да се соберат одговори од многу поголем број на испитаници за да се докажат претходно поставените проблеми. Исто така, испитаниците не беа рандомизирано бирани, туку намерно. Или лично им беше давана анкетата или се членови на група во која намерно беше ставена анкетата.

Третата група на недостатоци е во врска со процентот на застапеност на испитаниците од различните возрасни групи или пол. Во ова истражување, најголем дел од испитаниците се од женски пол и се во втората возрасна група (19-24). Секако треба да се стреми за што похетерогена група на испитаници, и да се што еднакво претставени и двата пола.

Литература

Ainsworth, M. D. S. (1989). Attachments beyond infancy. *American Psychologist, 44,* 709–716.

Ainsworth, M. D. S., & Bell, S. M. (1970). Attachment, exploration, and separation: Illustrated by the behavior of one-year-olds in a strange situation. *Child Development, 41,* 49–67.

Ainsworth, M. D. S., Blehar, M. C., Waters, E., & Wall, S. (1978). *Patterns of attachment: A psychological study of the strange situation*. Hillsdale, NJ: Erlbaum.

Armsden, G. C., & Greenberg, M. T. (1987). The inventory of parent and peer attachment: Individual differences and their relationship to psychological well- being in adolescence. *Journal of Youth and Adolescence,165,* 427–454.

Arnett, J. (1994). Sensation seeking: A new conceptualization and a new scale. *Personality and Individual Differences, 16*, 289–296.

Arnett, J. J. (1998). Learning to stand alone: The contemporary American transition to adulthood in cultural and historical context. *Human Development, 41,* 295–315.

Arnett, J. J. (2000). Emerging adulthood: A theory of development from the late teens through the twenties. *American Psychologist*, *55*, 469–480.

Arnett, J. J. (2001). Conceptions of the transition to adulthood: Perspectives from adolescence to midlife. *Journal of Adult Development, 8*, 133–143.

Arnett, J. J. (2003). Conceptions of the transition to adulthood among emerging adults in American ethnic groups. In J. Arnett & N. Galambos (Eds.), *New directions for child and adolescent development: Cultural conceptions of the transition to adulthood* (No. 100, pp. 63–75). San Francisco, CA: Jossey-Bass.

Arnett, J. J. (2004). *Emerging adulthood: The winding road from the late teens through the twenties*. New York, NY: Oxford University Press.

Arnett, J. J. (2006). Emerging adulthood in Europe: A response to Bynner. *Journal of Youth Studies, 9,*1, 111-123.

Bowlby, J. (1969). *Attachment and loss: Vol.* 1. *Attachment*. New York, NY: Basic Books.

Ahuvia, A & Wong, N. (1995). Materialism: Origins and Implications For Personal Well-Being". European Advances in Consumer Research, 2, 172-178.

Arrindell, W. A., Meeuwesen, L. & Huyse, F.J. (1991). The Satisfaction With Life Scale (SWLS): Psychometric properties in a non-psychiatric medical outpatients sample. Personality and Individual Differences. 12, 117–123.

Aristotle (trans. 2004). Nicomachean ethics. Cambridge: Cambridge University Press.

Bowlby, J. (1973). *Attachment and loss: Vol.* 2. *Separation: Anxiety and anger*. New York, NY: Basic Books.

Bowlby, J. (1980). *Attachment and loss: Vol.* 3. *Sadness and depression*. New York, NY

Bretherton, I. (1992). The origins of attachment theory: John Bowlby and Mary Ainsworth. *Developmental Psychology, 28*(5), 759–775

Brennan, K.A., Clark, C.L., & Shaver, P.R. (1998). Self-report measurement of adult romantic attachment: an integrative overview. In J.A. Simpson & W.S. Rholes (Eds.), Attachment theory and close relationships (pp. 46-76). New York: Guilford Press.

Coyne, J.C. (1976a). Depression and the response of others. Journal of Abnormal Psychology, 85, 186-193. doi: 10.1037/0021-843X.85.2.186

Coyne, J.C. (1976b). Toward an interactional description of depression. Psychiatry: Journal for the Study of Interpersonal processes, 39, 28-40. doi: 10.1080/00332747.1976.11023874

Dinger, U., Barrett, M.S., Zimmermann, J., Schauenburg, H., Wright, A.G.C., Renner, F., … Barber, J.P. (2014). Interpersonal problems, dependency, and self-criticism in major depressive disorder. Journal of Clinical Psychology, 00(0), 1-12. doi: 10.1002/jclp.22120

Del Giudice, M. (2009). Sex, attachment, and the development of reproductive strategies. *Behavioral and Brain Sciences, 32,* 1-21

Erikson, E. (1950). *Childhood and society*. New York, NY: Norton

Gorrese, A. & Ruggieri, R. (2012). Peer attachment: A meta-analytic review of gender and age differences and associations with parent attachment. *Journal of Youth and Adolescence, 41*, 650-672.

Greenberg, M. T., & Armsden, G. C. (2009). Inventory of parent and peer attachment. прочитано на http://prevention.psu.edu/pubs/documents/IPPAmanual 0809.pdf

Kessler, R.C. (1997). The effects of stressful life events on depression. Annual Review of Psychology, 48, 191-214. doi: 10.1146/annurev.psych.48.1.191

Kessler, R.C., & Bromet, E.J. (2013). The epidemiology of depression across cultures. Annual Review of Public Health, 34,

Macmillan, R. (2007). Constructing adulthood: Agency and subjectivity in the transition to adulthood. In R. Macmillan (Ed.), Constructing adulthood: Agency and subjectivity in adolescence and adulthood. Oxford: Elsevier Ltd.

Maslow, A. H. (1970). Motivation and Personality. New York: Harper & Row.

Мурџева-Шкарић, О. (2010). Психологија на возрасните и на стареењето. Скопје: Филозофски факултет. Myers, D. G. (2000). The Funds, Friends and Faith of Happy People. American Psychologist, 55 (1), 56-67.

Myers, D. G. (2000). The American Paradox: Spiritual Hunger in an Age of Plenty. New Haven and London: Yale University Press.

Nelson, M. L. (1993). A current perspective on gender differences: Implications for research in counseling. *Journal of Counseling Psychology, 40,* 200-209.

Nickerson, A. B., & Nagle, R. J. (2004). The influence of parent and peer attachments on life satisfaction in middle childhood and early adolescence. *Social Indicators Research, 66,* 35–60.

Nickerson, A. B., & Nagle, R. J. (2005). Parent and peer attachment in late childhood and early adolescence. *Journal of Early Adolescence, 25*, 223-249.

Pace, C. S., Martini, P. S., & Zavattini, G. C. (2011). The factor structure of the Inventory of Parent and Peer Attachment (IPPA): A survey of Italian adolescents. *Personality and Individual Differences, 51*, 83–88.

Parkes, C. M., & Stevenson-Hinde, J. (1982). *The place of attachment in human behaviour*. New York, NY: Basic Books.

Patterson, Field, and Pryor (1994). Adolescents' perceptions of their attachment relationships with their mothers, fathers, and friends. *Journal of Youth and Adolescence, 23,* 579–600.

Pavot, W., & Diener, E. (1993). Review of the Satisfaction With Life Scale. *Psychological Assessment, 5*(2), 164-172.

Pearlin, L.I., & Schooler, C. (1978). The structure of coping. *Journal of Health and Social Behavior, 19*, 2–21.

Phinney, J. S. (2006). Ethnic identity exploration in emerging adulthood. In J. J. Arnett & J. L. Tanner (Eds.), *Emerging adults in America: Coming of age in the 21st century* (pp. 193–217). Washington, DC: American Psychological Association.

Pitman, R., & Scharfe, E. (2010). Testing the function of attachment hierarchies during emerging adulthood. *Personal Relationships*, *17*, 201–216.

Reifman, A., & Lacey, R.S. (2000, March-April). *Age differences in propensity to consider future consequences: A focus on adolescence*. Paper presented at the 8th Biennial Meeting of the Society for Research on Adolescence, Chicago.

Reifman, A., Arnett, J., J., & Colwell, M. J. (2007). Emerging adulthood: Theory, assessment, and application. *Journal of Youth Development, 2*(1), 39–50.

Scharf, M., & Mayseless, O. (2010). Finding the authentic self in a communal culture: Developmental goals in emerging adulthood. *New Directions for Child and Adolescent Development, 130*, 83-95.

С.Б. (2013, Ноември 21). Еднакви ли се мажите и жените во Македонија? Порака постирана на http://faktor.mk

Shichman, S. & Cooper, E. (1984). Life Satisfaction and Sex-Role Concept. Sex Roles, 11 (3/4), 227-240.

Sidhu, J. K. & Foo, K. H. (2015). Materialism: The road to happiness and life satisfaction among Singaporeans. The Journal of Happiness & Well-Being, 3 (1), 77- 92.

Sirgy, M. J. (2012). The Psychology of Quality of Life: Hedonic Well-Being, Life Satisfaction and Eudaimonia. New York: Springer.

Sousa, L. A. & Lyubomirsky, S. (2002). Life Satisfaction. In Worell, J. (Ed.) Encyclopedia of Women and Gender (pp. 667-676). San Diego: Academic Press.

Спасовски, О. (2012). Позитивна психологија. Скопје: Филозофски Факултет.

Schnyders, M. C. (2012). Parental and Peer Attachment as predictors of the degree of experiencing emerging adulthood among undergraduates between the ages of 18-20: a standard multiple regression study, Kent State University, 2012.

Stienberg, L. & Brown, B. B. (1994). Parental monitoring and peer influences on adolescent substance abuse. Pediatrics, 93, 1060-1082.

Steinberg, L. (2001). We know some things: Parent-adolescent relationships in retrospect and prospect. Journal of Research on Adolescence, 11, 1-19.

Santander, J., Romero, M.I., Hitschfeld, M.J., & Zamora, V. (2011). Prevalencia de ansiedad y depresión entre los estudiantes de medicina de la Pontificia Universidad Católica de Chile [Anxiety and depression prevalence within medical students of Pontificia Universidad Católica de Chile]. Revista Chilena de Neuro-Psiquiatria , 49, 47-55. doi: 10.4067/S0717-92272011000100006

Sarason, I.G., Sarason, B.R., Shearin, E.N., & Pierce, G.R. (1987). A brief measure of social support: Practical and theoretical implications. Journal of Social and Personal Relationships, 4, 497-510. doi: 10.1177/0265407587044007

Scheff, T.J. (2001). Shame and community: social components in depression. Psychiatry, 64(3), 212–224. Shahar, G. (2001). Personality, shame, and the breakdown of social ties: The voice of quantitative depression research. Psychiatry, 64, 218–229. doi: 10.1521/psyc.64.3.228.18463

Shahar, G. (2004). Transference-countertransference: where the (political) action is. Journal of Psychotherapy Integration, 14, 371–396. doi: 10.1037/1053-0479.14.4.371

Shahar, G., Blatt, S.J., & Zuroff, D.C. (2007). Satisfaction with social relations buffers the adverse effect of (mid–level) self–critical perfectionism in brief treatment for

depression. Journal of Social and Clinical Psychology, 26(5), 540–555. doi:10.1521/jscp.2007.26.5.540

Shahar, G., Joiner, T.E. Jr., Zuroff, D.C., & Blatt, S.J. (2004). Personality, interpersonal behavior, and depression: Co-existence of stress-specific moderating and mediating effects. Personality and Individual Differences, 36, 1583-1596. doi.

Tanner, J. L. (2006). Recentering during emerging adulthood: A critical turning point in life span human development. In J. J. Arnett and J. L. Tanner (Eds.), *Emerging adults inAmerica: Coming of age in the 21st century* (pp. 21–55). Washington, DC: American Psychological Association.

Tanner, J. L., & Arnett, J. J. (2009). The emergence of "emerging adulthood": The new life stage between adolescence and young adulthood. In A. Furlong (Ed.), *Handbook of youth and young Adulthood: New perspectives and agendas* (pp. 39–45). New York, NY: Routledge.

Tanner, J. L., Arnett, J. J., & Leis, J. A. (2009). Emerging adulthood: Learning and development during the first stage of adulthood. In M. C. Smith & N. DeFrates- Densch (Eds.), *Handbook of research on adult learning and development* (pp. 34– 67). New York, NY: Taylor & Francis.

Trinke, S. J., & Bartholomew, K. (1997). Hierarchies of attachment relationships in young adulthood. *Journal of Social and Personal Relationships*, *14*, 603–625. van Dulmen, M. H. M., & Goncy, E. A. (2011). *Confirmatory factor analysis of the inventory of dimensions of emerging adulthood in a sample of college students.* Unpublished manuscript.

Waters, E., Merrick, S., Treboux, D., Crowell, J., & Albershein, L. (2000). Attachment security in infancy and early adulthood: A twenty-year longitudinal study. *Child Development, 71*, 684–689.

Прилог 1

Прашалник за поглед на животот

Упатство:

- Најпрво,Ве замолуваме да размислите за ова моментално време во Вашиот живот. Под “време од Вашиот живот” се подразбира сегашноста, плус минатите неколку години, како и наредните неколку години што доаѓаат, онака како што Вие ги гледате. Накратко, треба да размислите за, отприлика, 5-годишен временски период, со сегашноста точно на средина.

- За секоја фраза претставена подолу, Ве замолуваме да селектирате еден од степените дадени во една од колоните што укажува на степенот со кој Вие се согласувате или не се согласувате со фразата што го опишува овој период од Вашиот живот. На пример, ако “малку се согласувате” дека ова е

време на истражување во вашиот живот, тогаш на иста линија со таа фраза селектирате во колоната каде што пишува “малку се согласувам”.

- Внимавајте да имате селектирано само еден одговор во една линија и колона.

Дали овој период од вашиот живот е...	потполно не се согласувам (1)	малку не се согласувам (2)	малку се согласувам (3)	потполно се согласувам (4)
1. време на многу можности?				
2. време на истражување?				
3. време на конфузност?				
4.време на експериментирање?				
5. време на лична слобода?				
6. време во кое имате чувство на ограниченост?				
7. време на одговорност за себе?				
8. време во кое чувствувате стрес?				
9. време на нестабилност?				
10. време на оптимизам?				
11. време во кое чувствувате голем притисок?				
12. време на себеоткривање?				
13. време на смирување(скрасување)				
14. време на одговорност за други луѓе?				
15.време на независност?				
16. време на слободни избори?				
17. време на				

непредвидливост?				
18. време на посветеност кон други луѓе?				
19. време на самодоволност?				
20. време на многу грижи?				
21. време на испробување нови работи?				
22. време на фокусирање на себе?				
23. време на одделување од родителите?				
24. време на дефинирање на себеси?				
25. време на планирање за иднината?				
26. време на барање смисла?				
27. време на одлучување за сопствените верувања и вредности?				
28. време во кое учите да размислувате за себе си?				
29. време во кое се чувствувате возрасни за некои работи,но не и за други?				
30. време на постепено станување возрасен/а?				
31. време на несигурност за тоа дали сте достигнале целосна зрелост?				

Прилог 2

Инвентар на приврзаност за родител и врсник (IPPA)

Armsden and Greenberg(1987)

Упатство:

Овој прашалник Ве прашува за Вашите врски со значајните луѓе во Вашиот живот; Вашите родители (или старатели) и Вашите блиски пријатели. Ве молиме, прочитајте го упатството за секој дел многу внимателно.

Прв дел I

Тврдењата што следат прашуваат за вашите чувства кон Вашите родители или за луѓето што Ви билево својство на родители. Ако имате повеќе од една личност во својство на мајка (пр. биолошка мајка и маќеа) одговорете ги прашањата според личноста што најмногу влијаела врз Вас. Ве молиме внимателно прочитајте ги тврдењата и селектирајте колку тоа тврдење е точно за Вас, во овој момент.

---

(1) Воопшто не се согласувам

(2) Делумно не се согласувам

(3) Ниту се согласувам, ниту не се согласувам

(4) Делумно се согласувам

(5) Сосема се согласувам

Тврдења за Вас	**(1)**	**(2)**	**(3)**	**(4)**	**(5)**
Моите родители ги почитуваат моите чувства					
Мислам дека моите родители се успешни како родители					
Посакувам да имав други родители					
Моите родители ме прифаќаат онаков/а каков/а што сум					
Морам да се потпрам само на себе кога имам проблем за решавање					
Сакам да го слушнам мислењето на родителите за работи за кои сум загрижен/а					
Чувствувам дека е бескорисно да ги покажувам моите чувства					

Моите родители ќе почувствуваат ако сум вознемирен/а за нешто					
Се чувствувам засрамено или глупаво кога зборувам со моите родители за моите проблеми					
Моите родители очекуваат премногу од мене					
Лесно се вознемирувам кога сум дома					
Многу почесто се вознемирувам отколку што знаат моите родители					
Кога дискутираме за нешто, моите родители ги земаат предвид моите гледишта					
Моите родители веруваат во мојата проценка					
Моите родители имаат свои проблеми, па не сакам да им пречам со моите					
Моите родители ми помагаат подобро да се разберам себеси					
Им кажувам на моите родители за сопствените проблеми и грижи.					
Чувствувам лутина кон моите родители					
Не добивам многу внимание дома					
Моите родители ме разбираат					
Не знам на кого можам да се потпрам овие денови					
Кога сум лут за нешто,моите родители се трудат да ме разберат					
Им верувам на моите родители					
Моите родители не разбираат низ што поминувам овие денови					
Можам да сметам на моите родители кога сакам да симнам “тежина од градите“					
Чувствувам дека никој не ме разбира					

Ако моите родители знаат дека нешто ме мачи, ќе ме прашаат за тоа					

Втор дел II

Во овој дел тврдењата се наменети да Ве прашаат за Вашите чувства околу односите со Вашите блиски пријатели. Ве молиме внимателно прочитајте ги тврдењата и селектирајте колку тоа тврдење е точно за Вас, во овој момент.

---

(1) Воопшто не се согласувам

(2) Делумно не се согласувам

(3) Ниту се согласувам, ниту не се согласувам

(4) Делумно се согласувам

(5) Сосема се согласувам

Тврдења за Вас	(1)	(2)	(3)	(4)	(5)
Сакам да го слушнам гледиштето на моите пријатели за работи за кои сум загрижен/а					
Моите пријатели познаваат кога сум вознемирен/а околу нешто					
Кога дискутираме, моите пријатели сакаат да го слушнат моето гледиште					
Се чувствувам глупаво и засрамено кога разговарам за моите проблеми со моите пријатели					
Посакувам да имав други пријатели					
Моите пријатели ме разбираат					
Моите пријатели ме охрабруваат да зборувам за моите потешкотии					
Моите пријатели ме прифаќаат онаков/ва каков/ва што сум					
Чувствувам потреба почесто да бидам во контакт со моите пријатели					
Моите пријатели не разбираат низ што поминувам овие денови					
Се чувствувам осамен/а или одделен/а кога сум со моите пријатели.					
Моите пријатели слушаат што имам да кажам					
Чувстувам дека моите пријатели се добри пријатели					
Со моите пријатели е прилично лесно да се разговара					
Кога сум лут/а за нешто, моите пријатели се трудат да ме разберат					

Моите пријатели ми помагаат подобро да се разберам себеси					
Моите пријатели се грижат за тоа како се чувствувам					
Чувствувам лутина кон моите пријатели					
Можам да сметам на моите пријатели кога сакам да симнам “тежина од градите“					
Им верувам на моите пријатели					
Моите пријатели ги почитуваат моите чувства					
Се вознемирувам многу почесто отколку што моите пријатели знаат					
Се чини дека моите пријатели без причина се иритираат од мене					
Можам да им кажам на моите пријатели за моите проблеми и грижи					
Ако моите пријатели знаат дека нешто ме мачи, ќе ме прашаат за тоа					

Прилог бр. 3

Тест за депресија од Ivan Goldberg, M.D.

Одговорете на осумнаесетте изјави подолу за тоа како сте се чувствувале во текот на изминатата недела. Бидете искрени за поверодостојни резултати.

Воопшто не се согласувам – 0

Многу малку се согласувам – 1

Малку се согласувам – 2

Делумно се согласувам – 3

Многу се согласувам – 4

Целосно се согласувам – 5

1. Бавно ги извршувам работите. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

2. Мојата иднина се чини дека е безнадежна. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

3. Тешко се концентрирам додека читам. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

4. Задоволството и радоста не се присутни во мојот живот. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

5. Имам проблем да донесувам одлуки. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

6. Го изгубив интересот во областите во животот кои претходно ми беа значајни. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

7. Се чувствувам тажно, потиштено и несреќно. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

8. Вознемирен/а сум и се движам наоколу. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

9. Се чувствувам заморно. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

10. Потребен ми е голем напор за вршење едноставни работи. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

11. Се чувствувам како личност која е виновна и заслужува да биде казнета. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

12. Се чувствувам неуспешно. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

13. Се чувствувам безживотно – повеќе мртво отколку живо. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

14. Мојот сон е нарушен – спијам малку, премногу или со прекини. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

15. Поминувам време во размислување за тоа како можам да се самоубијам. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

16. Се чувствувам заробено или фатено. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

17. Се чувствувам потиштено дури и кога ми се случуваат добри работи. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

18. Без да се придржувам до диета имам намалено или зголемено тежина. 0 – 1 – 2 – 3 – 4 – 5

Резултати :

0 – 9 Воопшто не сте депресивни: Според вашите одговори на прашалникот, резултатот вели дека вие моментално не страдате од депресија. Ова не треба да го разберете како дијагноза или како предлог за третман. Вие доживувате нормални падови и вертикали во животот.

10 – 17 Можна умерена депресија – Се чини дека доживувате некои депресивни симптоми кои често се сретнуваат кај луѓето во општата популација. Несигурно е дали страдате од овие симптоми во мера за која би имале потреба од натамошна дијагноза и третман. Не треба да ги земате резултатите како извештај за дијагноза или препорака за третман. Консултирајте се со професионалец за ментално здравје доколку се чувствувате депресивно или имате тешкотии во секојдневното функционирање.

18 – 21 Гранични депресивни симптоми – Се чини дека имате некои депресивни симптоми кои се чести за општата популација, но се граничат со можна депресивна епизода. Несигурно е дали овие симптоми се доволни за да побарате дополнителна дијагноза и соодветен третман. Не треба да ги разберете резултатите од прашалникот како извештај за дијагноза или препорака за каков било третман. Консултирајте се со искусни професионалци за ментално здравје

доколку имате депресивни чувства или тешкотии во секојдневното функционирање.

22 – 35 Средна до умерена депресија – Вашите одговори сугерираат можна блага до умерена депресија. Не треба да ги користите овие резултати како дијагноза од каков било вид или препорака за лекување. Сепак, можеби е потребно да побарате дополнителни консултации со професионалци за ментално здравје доколку имате тешкотии во секојдневното функционирање или доколку скакате подлабоки одговори.

36 – 53 Умерена до тешка депресија – Според резултатите кои ги добивте од овој прашалник, можно е да страдате од умерена до тешка депресија. Луѓето кои одговориле слично, обично имаат дијагностицирана депресија и имаат потреба од професионален третман. Вие не треба да ги користите овие резултати како дијагноза од каков било вид или препорака за лекување. Сепак, препорачливо за вас е да побарате дополнителна дијагноза и соодветен третман од професионалци за ментално здравје, за да се исклучи можноста за депресивно нарушување.

54 и повеќе. Тешка депресија – Според резултатите кои го добивте од овој прашалник, можно е да страдате од тешка депресија. Луѓето кои одговориле слично, обично имаат дијагностицирана дијагноза и потреба од соодветен третман. Вие не треба да го користите овој резултат како дијагноза од каков било вид, или препорака за лекување. Сепак, препорачливо е и најверојатно корисно веднаш да побарате консултација и помош од искусни професионалци за ментално здравје.